# Ромите за интеграцијата:

## АНАЛИЗА
## И
## ПРЕПОРАКИ

ЕЦМП Монографија #3

Европски Центар за Малцински Прашања (ЕЦМП)

Директор: Marc Weller

Авторски права © 2005 Европски Центар за Малцински Прашања

Барањето за репродукција или превод на целата или одделни делови од оваа публикација треба да се достави до:
ECMI
Schiffbruecke 12
24939 Flensburg
Germany

Европскиот Центар за Малцински Прашања го поттикнува ширењето на нејзините публикации и веднаш ќе ви одговори на барањето за репродукција или превод на оваа публикација.

ISBN 3-9810857-3-6

# Ромите за интеграцијата:

# анализа и препораки

Ромски Експертски Групи за Интеграција на Ромите

Вработување :.. Образование :.. Човекови права :.. Здравство

European Centre
for
Minority Issues

Sida

# Содржина


## Вовед

## Извештаи:

6 Родителите и наставниците за образованието на децата Роми

27 Зошто децата Роми го напуштаат образованието?

47 Мислења на студентите Роми за нивниот третман во високото образование

63 Познавањето на човековите права кај ромската заедница во Република Македонија

79 Ромите и нивната мотивација за вработување

103 Вакцинацијата и некои навики кои влијаат врз здравјето на Ромите

## Членови на Ромските Експертски Групи за Интеграција на Ромите

# Вовед

## Основни податоци за проектот

Во ова издание се содржани првичните извештаи од истражувањата на Ромските Експертски Групи за Интеграција на Ромите. Основани есента 2004, од страна на Европскиот Центар за Малцински Прашања (ЕЦМП), со сесрдна подршка од Шведската Меѓународна Агенција за Развој и Соработка (Sida) , Експертските Групи го претставуваат следниот чекор, по првата глобална проценка на потребите на Македонската Ромска популација, спроведена од страна на ЕЦМП, со подршка од SIDA, во периодот од септември до ноември 2003.

Врз база на обемно истражување и консултации со локалните засегнати страни, а за потребите на проценката на потреби, разграничени беа четири основни области, и тоа:

- Образование
- Здравство
- Граѓански права
- Вработување

За секоја од овие области, внимание беше посветено не само на ситуацијата на Ромската популација во целост, туку и поконкретно на позицијата на Ромските жени.

## Експертските Групи

Додека извештајот[1] произлезен од проценката на потребите ги дава контурите на множеството мерки, изведени од состаноците на фокус групите, како најодрживи се покажуваат иницијативите во кои што, во сите фази на дизајнот и имплементацијата се вклучени локалните заинтересирани страни. Поради ова ЕЦМП ги основаше четирите, комплетно ромски, експертски групи во четирите основни области, покриени со проценката на потреби. Комбинирајќи ги обемните познавања, на индивидуалните членови на Експертските групи, на локалните ромски заедници низ Република Македонија, со експертизата на ЕЦМП од областите на менаџирање на проекти, олеснување и теренско-ориентирани истражувања, работата на Експертските Групи претставува важен чекор кон опремувањето на ромската популација во Македонската, со ресурсите потребни за да има ефективна улога во демократско општество, базирано на владеење на правото, како и за успешно учество на компетитивниот пазар на трудот.

Со намера да превземат понатамошни истражувања во четирите основни области, покриени со проценката на потреби, како предуслов за дизајнот и имплементацијата на конкретни политички мерки за третман на компаративно понеповолната положба на Ромите, Експертските Групи утврдија конкретни теми за истражување, кои третираат одредени недостатоци во постоечките податоци.

1. Извештајот за регионални насоки за интеграција на Ромите во Република Македонија е достапен онлајн на Англиски, Македонски и Интернационален Ромски на вебсајтот на Ромската програма на ЕЦМП: http://www.ecmirom.org.

Резултатите од досегашниот избор на теми и спроведените теренски истражувања од страна на Експертските Групи нудат единствен увид во прашањата на кои што Ромите им даваат приоритет, во рамките на нивните локални заедници. Оттука извештаите, изложени во ова издание, нудат општоинформативен материјал кој, се надеваме, ќе се покаже како полезен, не само за Владата на Република Македонија при имплементирањето на Стратегијата за Ромите во Република Македонија, чија што ревизија беше помогната од Експертските Групи, и акционите планови вклучени во рамката на Декадата на Инклузијата на Ромите, туку и за потребите на локални, национални и меѓународни актери, кои имаат за цел развој на активности насочени кон зголемување на нивото на интеграција на Ромите во Македонското општество, како целина.

## Благодарност

Во согласност со улогата на ЕЦМП како олеснувач, признанието за содржината на ова издание, пред сé го заслужуваат членовите на четирите Експертски Групи, чии што лични податоци се наведени во посебно поглавје од ова издание. Во исто време, дел од заслугите им припаѓаат и на олеснувачите, кои што работеа заедно со Експертските Групи, во текот на истражувачкиот процес: Програм менаџер - Гордана Родиќ, Проект менаџер - Ибрахим Ибрахими и Проект асистент - Саит Демир. Незаменлива беше и континуираната подршка на административниот персонал од регионалната канцеларија на ЕЦМП во Скопје: Менаџер за односи со јавност - Верица Грданоска, Менаџер на канцеларија - Дарко Гавровски и Финансиски менаџер - Јасмина Ристиќ.

Надвор од ЕЦМП, работата на Експертските Групи имаше придобивки и од консултациите со повеќемина надворешни експерти, а пред се, од трпението и посветеноста (како и соодветната стручност) на Николина Кениг и прф. др. Иљо Трајковски. Во исто време, истражувањата врз кои се базирани извештаите од ова издание, немаше да бидат комплетирани без податоците и контактите овозможени од институции, чии што број е преголем за да бидат сите спомената, со должна благодарност пред се до ромските НВО-а во целата земја, кои со своите организациони ресурси, несебично им помагаа на Експертските Групи во спроведувањето на теренските истражувања. И на крај, но не и неважно, членовите на локалните ромски заедници и сите останати кои учествуваа во теренските истражувања, заслужуваат благодарност за нивната волја да ги споделат нивните искуства.

## Прашања

Европскиот Центар за Малцински Прашања ги поканува сите заинтересирани читатели да ги контактираат Експертските Групи преку Регионалната Канцеларија на ЕЦМП во Скопје. За дополнителни информации, ве молиме да се консултирате со вебсајтот на ромската програма на ЕЦМП: www.ecmirom.org, или да пратите е-маил на info@ecmimacedonia.org.

Д-р. Ебен Фридман
Регионален претставник на ЕЦМП
Скопје, Септември 2005

# Родителите и наставниците за образованието на децата Роми

Основна идеја за овој истражувачки потфат беше да се добие увид на ставовите на родителите и наставниците во врска со образованието на децата Роми во Македонија. Низ емпириското истражување е проверено колку е веродостоен распространетиот негативен стереотип за тоа дека родителите Роми не се заинтересирани за школување на своите деца и дека не влијаат стимулативно за завршување/продолжување на нивното образование. Испитаници беа родители Роми кои имаат деца на училиште како и наставници во училиштата низ Републиката. Наодите од спроведеното анкетирање покажуваат дека испитаните наставници имаат во голема мера спротивни размислувања од оние на родителите.

# Вовед

Образованието е фундаментално човеково право. Тоа им пружа на децата, младите и возрасните моќ критички да размислуваат, да прават избор се со цел да си го подобрат сопствениот живот. Образованието го разбива затворениот круг на сиромаштија и е клучен елемент на економскиот и социјалниот развој.

Според податоците на Државниот завод за статистика, од 7.868 Роми што се запишале во училиште, основното образование не го завршиле ниту 600 (Државен завод за статистика , 2003). Ваквите загрижувачки податоци се должат на економско-социјалното потекло на учениците, нискиот степен на образование на родителите, немотивираноста и негативниот став спрема училиштето, како и невклучувањето на децата во предучилишните установи. И покрај тоа што секој граѓанин на Македонија има законска обврска да го заврши основното образование, праксата и резултатите покажуваат недоследно применување на законот.

Цел на образовната политика на секоја земја е да обезбеди можности за стекнување на соодветно образовно ниво за секого и да осигура дека поединците поседуваат знаење, вештини и ставови кои се во согласност со барањата на општеството и пазарот на трудот. Поради тоа образованието мора да биде достапно за секој кој што живее на тлото на Македонија, без оглед на неговата возраст, пол, религиозна определба, етничка припадност, здравствена состојба и социјална и финансиска положба. Исто така, мора да ги поседуваат сите карактеристики на ефикасност и ефективност за да бидат во состојба да пружат доволно општа и стручна компетентност.

Образованието мора да го карактеризира динамички и флексибилно поставена структура која ќе овозможи непречена хоризонтална и вертикална мобилност на учениците, студентите и наставните кадри, да функционира по јасно утврдени механизми кои ќе овозможат негова адаптабилност и подготвеност да се излезе во пресрет на променливите потреби на поединците и општеството во целост. Исто така, образованието мора да ги надмине проблемите и да ги елиминира факторите кои предизвикуваат образовна апстиненција и осипување на корисниците на образовани услуги.

Прибирањето на квалитетни податоци претставува основа за креирање на сеопфатна програма која ќе излезе во пресрет на конкретните потреби на Ромската популација. Пристапот до статистички податоци за Ромите е често пати проблематичен (поради немање на податоци или податоци кои се многу стари).

Пред креирањето на инструментот за ова истражување, истражувачкиот тим започна со прибирање на најновите податоци од домашните и меѓународните организации за состојбата во образованието на ромската популација во Македонија, што беа почетна точка за прашањата за дискусија во фокус групата како и за креирање на анкетните прашалници.
Истражувањето е направено во две одделни фази: најпрво беа спроведени дискусии во две фокус групи со учесници Роми, хетерогени во однос на социо-економскиот статус, пол, образование и возраст. Наодите од фокус групите во голема мера придонесоа за формирање на прашањата опфатени во анкетирањето на родителите Роми и наставниците, кое следеше како втора фаза.

## Фокус групи

Целта на одржувањето на фокус групата беше да се идентификуваат главните проблеми поврзани со образованието на децата Роми, како и да се направат понатамошни иницијативи врз основа на откриените причинители на проблемите.

При селектирање на учесници во фокус групите се внимаваше на следниве критериуми: возраст, пол, образование и вработување. Во двете фокус групи учествуваа вкупно 20 учесници, од нив 13 беа машки, 7 женски на просечна возраст од 37 години. Највозрасниот учесник беше на возраст од 44 години додека најмалиот учесник беше на возраст од 10 години. Ромскиот јазик беше мајчин јазик на сите учесници. Во однос на образованието, најголемиот број беа со основно образование, четворица со средно образование и само двајца со високо образование. Фокус групите беа одржани во Детскиот едукативен центар Надеж во Шуто Оризари и Ромскиот едуктивен центар Сумнал – Топаана.

Беа поставувани прашања за тоа која е причината за малиот број на ученици Роми кои одат на училиште, зошто голем број Роми немаат завршено ни основно образование , зошто е помал бројот на девојки отколку момчиња од ромска националност кои завршуваат училиште, понатаму, дали има потреба од подготвителна настава за Ромските деца пред да започнат на училиште и дали бројот на ученици Роми би бил поголем доколку се организира настава на ромски јазик. Понатаму, учесниците беа поттикнувани да даваат свои идеи за можни решенија околу мотивацијата на родителите Роми да ги праќаат своите деца на училиште, обезбедување услови сите Роми да завршат основно образование, со посебен акцент на девојките од ромската заедница.

## Резултати од дискусиите во фокус групите

Учесниците на фокус групите наведоа повеќе причини за нискиот број на деца вклучени во образованието, но меѓу главните фактори кои придонесуваат за ниското ниво за образование на ромската популација се:

- Семејно окружување: имајќи ја во предвид ниската образовна свест кај ромската популација често пати се игнорира потребата за образование. Како резултат на ова, многу деца немаат поддршка од своите родители во нивниот едукативен развој. Учесниците неколку пати споменаа дека наставниот материјал кој го изучуваат нивните деца како и домашните задачи се многу сложени па дури и нејасни за самите родители.
- Материјални услови: и покрај тоа што основното образование во државните училишта во Македонија е бесплатно, трошоците за школување на децата (облека, книги, дополнителни материјали и транспорт) се доста големи и претставуваат товар за ионака сиромашните ромски семејства. Еден од учесниците од фокус групата спомена ‘не е доволно само да ги тераме да одат на училиште бидејќи со празен стомак не се размислува’. Често пати големината на семејствата споредено со просторот во кој живеат е причина за немање соодветни услови за исполнување на училишните задачи (пишување домашни, повторување, учење и сл).
- Јазични бариери: ромскиот јазик е мајчин јазик на околу 99% од Ромите кои живеат во Скопје[1]. За децата Роми кои одат во основно училиште, а кои имаат потешкотија со следење на наставата на јазикот на кој се изведуваа таа, не се покажуваат солидни/задоволнителни резултати. Поради постоечкиот закон, за повторување на учебната година потребна е писмена дозвола од родителите, но децата преминуваат во петто одделение без оглед на нивните знења што подоцна негативно се рефлектира врз

1. Според Пописот од 2002 година од вкупно 23.202 Роми кои живеат во Скопје дури 23.036 го зборуваат ромскиот јазик, додека на ниво на Р. Македонија од вкупно 53.879 Роми ,38.528 Роми го зборуваат Ромскиот јазик

нивната компетентност. Децата кои завршуваат основно образование при уписот во средно училиште се соочуваат со поголеми јазични потешкотии и поради неможноста да го совладаат материјалот најчесто се откажуваат после првото полугодие или ја повторуваат годината и се откажуваат.

- Дискриминација/сегрегација на ромските ученици: ромските ученици не се соодветно прифатени од средината во која се образуваат; другите деца не сакаат да седат со нив или да се дружат, па обично седат сами или во последните клупи[2]. Некои наставници не работат доволно со овие деца, па поради тоа квантитетот/квалитетот на знаења споредено со учениците нероми е многу мал. Неретко овие деца се дискриминирани и при оценувањето.

## Препораки за зголемување на степенот на образование

Од дискусиите во фокус групите прозлегоа следните препораки за подобрување на образованието на ромската заедница: подигнување на свеста за значењето на образованието, соодветна јазична подготовка на ромските деца, спроведување на постоечкиот закон кој предвидува задолжително, завршување на основно училиште, подобрување на материјалната состојба на ромските семејства и намалување на дискриминацијата и стереотипите кон ромските деца.

# Анкетирање

Во анкетирањето учествуваа две групи испитаници: (1) група родители Роми (2) група наставници од училишта каде учат деца Роми.

## Родители Роми

### *Испитаници*

За анкетирањето на родителите Роми беше направен стратификуван пропорционален примерок според процентуалната застапеност на Ромите во подрачјата каде е спроведено истражувањето. Примерокот брои вкупно 300 субјекти од 10 градови во земјата (Табела1). Од вкупниот број на испитаници родители, 59 % се од женски, а 41% од машки пол. Во поглед на образовната стуктура, примерокот е хетероген, но најмногу доминираат испитаници со завршено основно образование (над 70 %) додека со нешто помала застапеност беа со недовршено основно образование и со завршено средно образование.

2. Ова се однесува на училишта со ученици од хетероген етнички состав

| Град | Број и процент на испитаници |
|---|---:|
| Скопје<br>Топаана<br>Шуто Оризари | <br>59 (19,7)<br>70 (23,3) |
| Битола | 24 (8,0) |
| Виница | 9 (3,0) |
| Гостивар | 15 (5,0) |
| Кичево | 12 (4,0) |
| Кочани | 9(3,0) |
| Куманово | 15 (5,0) |
| Прилеп | 30 (10,0) |
| Тетово | 30 (10,0) |
| Штип | 21 (7,0) |
| Вкупно | 300 (100) |

*Табела 1. Структура на примерокот според местото на живеење*

### *Инструмент*

Прашалникот за родители се состои од прашања во врска со демографски податоци, причини кои влијаат нивните деца да не го посетуваат училиштето, учеството на родителите во образование на нивното дете, квалитетот на наставата и предлози за подобрување на квалитетот на образование на учениците Роми. Прашалникот е креиран од страна на тимот, специјално за целите на ова истражување.

### *Тек на анкетирањето*

Пред да отпочне анкетирањето, беше направено пилот истражување во Скопје. Со пилот истражувањето беше утврдена општата употребливост (разбирливост, број на опции) на инструментот.

Анкетирањето беше реализирано во текот на месец мај 2005 година. Анкетарите го задаваа прашалникот така што на испитаникот му го читаа секое прашање и можните алтернативи, па ги одбележуваа одговорите. На испитаниците им беа давани дополнителни објаснувања на помалку познатите зборови. Јазикот на кој се зборуваше беше македонски и ромски во зависност од јазикот кој доминантно се зборува во средината каде што се изведуваше

анкетирањето. Пред да се започне со анкетирањето на испитаниците им се објасни дека анкетирањето е анонимно и дека нивните одговори ќе бидат користени  исклучиво за потребите на овој проект[3].

## Наставен кадар

### *Испитаници*

Примерокот наставници брои 58 субјекти. Сите тие се вработени како наставен или стручен кадар во училишта каде учат и деца Роми. Во секое од селектираните училишта беше одбран наставник што предава природни науки, општествени науки, 2-3 одделенски наставници, класен раководител и педагог. Притоа 61 % од наставниците беа од женски пол, додека 39 % беа од машкиот пол. При анкетирањето, наставниците покажаа исклучителен интерес за прашањата во анкетниот прашалник, сериозност и максимална ангажираност.

### *Инструмент*

Прашалникот за наставниците од основните училишта се состои од прашања во врска со нивното мислење за тоа кои се причините за напуштање на училиштето, учеството на родителите во образованието, квалитетот на наставата и предлози за подобрување на квалитетот на образованието и други податоци. И овој прашалник е изготвен од страна на истражувачкиот тим.

### *Тек на анкетирањето*

Наставниците самостојно одговараа на однапред подготвените прашалници, откако им беше задавано кратко упатство и им беше гарантирана анонимноста.

## Резултати – анкета со родители

Резултатите покажуваат дека просечниот број на членови во испитаните ромски домаќинства изнесува четири членови а чести се и петчлено и шестчлено семејство. Најголемиот број испитани семејства имаат по две или три деца, а само околу 6% од испитаните семејства имаат повеќе од 4 деца. Кај поголемиот дел од испитаниците  (58,3%) главниот приход во семејството

3. Ќе забележиме неколку необични и симптоматични однесувања за време на анкетирањето: при анкетирањата  во градовите  Штип и Куманово  неколку пати анкетарите беа одбиени во обидот да анкетираат со објаснение дека во локалните невладини организации немаат доверба, бидејќи досега ги имаат многупати анкетирано, но ситуацијата останала иста.
При тоа треба да споменеме дека интеракцијата со испитаниците беше олеснета со помош на локалните ромски невладини организации:  Баирска светлина-Битола, Романи шукарипа -Прилеп, Светла иднина-Кочани, Здружение за правата на Ромите-Штип, Дром-Куманово, Сумнал и Надеж-Скопје.

е социјалната помош, додека во помал процент се јавуваат платата (23,3%), приватниот бизнис (13,0%) и пензијата (4,0%). Останатите семејства изјавиле дека се без никакви приходи во моментот.

Резултатите од одговорите на испитаниците родители, на прашањата за неколку услови кои би можеле да влијаат врз тоа детето да го напушти училиштето, се прикажани во Табела 2 .

| | не е точно | | делумно е така | | да точно | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | лица | % | лица | % | лица | % | лица | % |
| Нема училиште во близина | 241 | 80.3 | 16 | 6.0 | 43 | 13.7 | 300 | 100 |
| Немање пари за училишен материјал | 32 | 10.7 | 82 | 27.3 | 186 | 62.0 | 300 | 100 |
| Средината во која децата живеат | 153 | 51.0 | 88 | 29.3 | 59 | 19.7 | 300 | 100 |
| Традицијата и ромската култура | 150 | 50.0 | 96 | 32.0 | 54 | 18.0 | 300 | 100 |
| Родителите се без образование | 182 | 60.7 | 71 | 23.7 | 47 | 15.7 | 300 | 100 |
| Незаинтересираност на детето | 150 | 50.0 | 102 | 34.0 | 48 | 16.8 | 300 | 100 |
| Непостигнување на успех на детето во училиште | 148 | 49.3 | 99 | 33.0 | 53 | 17.7 | 300 | 100 |
| Некоректен однос на наставникот | 99 | 33.0 | 112 | 37.3 | 89 | 29.7 | 300 | 100 |

*Табела 2. Фактори кои влијаат за напуштање на училиштето - перспектива на родителите*

Немањето на финансиски средства за училишен прибор за повеќето испитаници (околу 60 %) претставува главна пречка за комплетирање на образованието. Од сите наведени фактори, овој предничи во бројот на сигурни потврдни одговори. Повеќе од половина од испитаниците сметаат дека средината во која живеат нема битно влијание врз нивните деца, половина од испитанциите мислат дека ромската традиција и култура не се пречка во образованието на нивните деца, а сличен број испитаници го гледаат

проблемот и во тоа што учениците Роми постигнуваат слаб успех. Речиси 40% проблемот го гледаат во тоа што родителите се без образование. Загрижува фактот дека 67% од родителите го гледаат односот на наставниците како некоректен, а тоа пак причина за напуштање на школувањето. Како најмал проблем се смета немањето училиште во близина.

Јазикот на кој се изведува наставата е важен предуслов за образование во континуитет. Ромите најчесто живеат во затворени средини каде што се зборува ромски јазик. Наставата во училиштата се изведува на македонски јазик, а имајки во предвид дека бројот на децата кои имаат предшколска подготовка е мал, учениците се сретнуваат со сериозни потешкотии во совладување на наставниот материјал. Прашани за нивното мислење дали јазикот на којшто се одвива наставата може да биде пречка, па следствено, дали би било подобро децата Роми да се школуваат на ромски јазик, добиени се одговорите прикажани на Табела 3.

| | лица | % |
|---|---|---|
| Ромски јазик | 108 | 36.1 |
| Македонски јазик | 88 | 29.3 |
| Нема значење | 97 | 32.3 |
| Не знам | 7 | 2.3 |
| Вкупно | 300 | 100 |

*Табела3. Дали би било подобро децата Роми да се школуваат на Ромски јазик?*

Резулатите од ова прашање, покажуваат поделеност на мислењата. Имено поголемиот број сметаат дека образование на ромски јазик е потребно, додека со нешто помал број на јавувања (32,2%) сметаат дека јазикот на кој се изведува моментално наставата нема значење во совладување на материјата.

Поддршката која родителите им ја даваат на своите деца е важен фактор за поголема мотивираност и полесно совладување на наставниот материјал. Следењето на работата на децата во континуитет кој подразбира помош во пишување на домашни задачи, соодветни услови за учење, разговор со наставниците и присуство на родителски средби дополнително придонесува до квалитетно образование. Повеќе од половина, (64,7%) од испитаниците одговориле дека секогаш ги прашуваат своите деца што работеле на училиште. Најчесто, родителите велат дека само понекогаш им помагаат на децата во пишување на домашните задачи, слична е ситуацијата и со одење на разговор со наставниците, а најангажирани се околу обезбедувањето на услови за учење. Посетеноста на родителските средби е релативно висока.

Дури 62 % од испитаниците одоговориле дека секогаш присуствуваат на родителски средби, но затоа пак занемарлив е бројот на испитаници кои учествуваат во родителските совети. (Табела 4).

| | никогаш | | понекогаш | | секогаш | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | лица | % | лица | % | лица | % | лица | % |
| Прашувам што работеле на училиште | 12 | 4.0 | 94 | 31.3 | 194 | 64.7 | 300 | 100 |
| Помагам во пишување домашни работи | 68 | 22.7 | 139 | 46.3 | 93 | 31.0 | 300 | 100 |
| Настојувам да обезбедам услови за учење | 31 | 10.3 | 63 | 21.0 | 206 | 68.7 | 300 | 100 |
| Разговарам со наставниците | 29 | 9.7 | 140 | 46.7 | 131 | 43.7 | 300 | 100 |
| Одам на родителски средби | 32 | 10.7 | 82 | 27.3 | 186 | 62.0 | 300 | 100 |
| Учествувам во родителски совет | 266 | 88.7 | 18 | 6.0 | 16 | 5.3 | 300 | 100 |

*Табела 4. Поддршката во школувањето која родителите им ја даваат на своите деца*

Следната група прашања се однесува на тоа какви се сознанијата на испитаниците во врска со условите во коишто се одвива образованието на нивните деца. Мислењата на поголемиот број од нив за состојбата на училиштата е дека тие се делумно во добра состојба, но дека во наставата не се користат современи средства и наставни помагала (Табела 5). Што се однесува до дискриминацијата и стереотипите кон ромските ученици, над 80 % од родителите сметаат дека наставниците во поголемиот број на случаеви прават разлика во однесувањето помеѓу децата Роми и останатите. Дел од родителите (37,7%) се согласуваат дена наставниците се доволно ангажирани во работата со децата, а идентичен е процентот на родителите (37,7%) кои делумно се согласуваат дека наставниците се доволно ангажирани во работата со децата но, перцепцијата на родителите е дека барањата што ги поставува наставникот се преголеми. Идентичен е процентот на оние кои се согласуваат (33,7%) и оние кои не се согласуваат (33,3%) со ставот дека наставниците не оценуваат праведно. Приближно половината од испитаниците (46,3%)

имаат мислење дека децата од другите етнички групи добро ги прифаќаат соучениците Роми и коректно се однесуваат спрема нив. Во најмал процент, родителите потврдуваат дека наставата е лесна и интересна.

| | не се согласувам | | делумно се согласувам | | се согласувам | | без одговор | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | лица | % | лица | % | лица | % | лица | % | % |
| Училишната зграда е во добра состојба | 66 | 22.0 | 133 | 44.3 | 98 | 32.7 | 3 | 1.0 | 100 |
| Наставниците не прават разлика меѓу учениците Роми и останатите | 100 | 33.3 | 87 | 29.0 | 101 | 33.7 | 12 | 4.0 | 100 |
| Користење современи наставни средства | 154 | 51.3 | 51 | 17.0 | 44 | 14.7 | 51 | 17.0 | 100 |
| Останатите ученици коректно се однесуваат кон децата Роми | 56 | 18.7 | 96 | 32.0 | 139 | 46.3 | 9 | 3.0 | 100 |
| Наставниците оценуваат праведно | 80 | 26.7 | 94 | 31.3 | 118 | 39.3 | 8 | 2.7 | 100 |
| Барањата на наставникот се преголеми | 72 | 24.0 | 125 | 41.7 | 90 | 30.0 | 13 | 4.3 | 100 |
| Наставниците работат со децата | 65 | 21,6 | 113 | 37.7 | 113 | 37.7 | 9 | 3.0 | 100 |
| Наставата треба да биде полесна и поинтересна | 17 | 5.7 | 99 | 33.0 | 172 | 57.3 | 12 | 4.0 | 100 |

*Табела 5. Услови во коишто се одвива наставата- перспектива на родителите*

Последното прашање во анкетниот прашалник  за родителите беше: Што би предложиле Вие за подобрување на квалитетот на образование на учениците Роми? Испитаниците имаа отворена можност за сугестии за подобрување на квалитетот на образованието. Индикативно е тоа што 41, 7 % од испитаниците повторно ја потенцираа потребата за материјална поддршка во учебници и училишен прибор што директно укажува на нивната материјална состојба. Со нешто помал интензитет (31,7 %) се предложени еднаков третман на наставниците кон децата Роми како и повремените контакти на родителите со наставниците.

## Резултати – анкета со наставници

Редовноста на наставата е предуслов за квалитетно образование и совладување на наставниот материјал. Од испитаните наставници, над 50 % проценти велат дека Ромските ученици само повремено ја посетуваат наставата.

Наодите во врска со гледиштето на испитаните наставници за тоа кои се причините за нередовност на учениците Роми, се прикажани во Табела 6.

| | не е точно | | делумно е така | | да точно е | | без одговор | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | лица | % | лица | % | лица | % | лица | % | лица | % |
| Нема училиште во близина | 45 | 77.6 | 8 | 13.8 | 2 | 5.2 | 3 | 3.4 | 58 | 100 |
| Немање доволно пари за училишен материјал | 8 | 13.8 | 36 | 62.1 | 13 | 22.4 | 1 | 1.7 | 58 | 100 |
| Средината во која живеат | 11 | 19.0 | 30 | 51.7 | 15 | 25.9 | 2 | 3.4 | 58 | 100 |
| Традицијата и ромската култура | 11 | 19.0 | 30 | 51.7 | 15 | 25.9 | 2 | 3.4 | 58 | 100 |
| Родителите се без образование | 11 | 19.0 | 22 | 37.9 | 23 | 39.7 | 2 | 3.4 | 58 | 100 |
| Недоволно познавање на македонскиот јазик | 43 | 74.1 | 6 | 10.3 | 7 | 12.1 | 2 | 3.4 | 58 | 100 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Учениците главно Роми постигнуваат слаб успех | 12 | 20.7 | 26 | 44.8 | 18 | 31.0 | 2 | 3.5 | 58 | 100 |
| Некои наставници некоректво се однесуваат кон учениците Роми | 43 | 74.1 | 6 | 10.3 | 7 | 12.1 | 2 | 3.5 | 58 | 100 |
| Учениците Роми не се прифатени од страна на другите ученици | 42 | 72.4 | 11 | 19 | 2 | 3.5 | 3 | 5.1 | 58 | 100 |
| Наставната програма не ги мотивира децата | 34 | 58.6 | 15 | 25.9 | 6 | 10.3 | 3 | 5.2 | 58 | 100 |

*Табела 6. Причини за нередовност во ушилиште на децата Роми*

Според добиените одговори може да се види дека 77,6 % од испитаниците сметаат дека оддалеченоста на училиштето не претставува причина за нередовност во наставата. Финансиските потешкотии кои беа споменати на неколку пати во изјавите на родителите, според испитаните наставници се пречка за редовноста на учениците Роми, но најчесто, само делумно. Според прикажаните резултати може да се види дека 51,7 % од испитаниците сметаат дека средината може да се смета за фактор за непосетување на наставата, но исто така, само делумно, додека за многу важен фактор ја сметаат 25,9 % испитаници. Интересно е да се спомене дека мнозинството од анкетираните одовориле потврдно на прашањето за влијанието на ромската култура и традиција. Половина од испитаниците сметаат дека необразованоста на родителите влијае врз мотивацијата за продолжување на образованието на нивните деца. Треба да се потенцира дека само петмина од наставниците сметаат дека необразованоста на родителите не претставува пречка за (не)едукација на децата. Од податоците во Табелата 6 може да се види дака 74,1% од испитаниците одогориле дека Ромите - ученици доволно го познаваат македонскиот јазик. Наставниците сметаат дека постигнувањето слаб успех во училиштето ги демотивира учениците за континуирано школување. Бројките во оваа табела ни даваат слика која говори дека наставниците сметаат дека еднакво ги почитуваат сите ученици

независно од нивната етничка припадност.Така 74,1 % од испитаниците одогориле негативно на исказот за некоректен однос од страна на некои наставници како потенцијална причина за нередовност на училиште или негово напуштање. Исто така паѓа во очи многу нискиот процент (3,5 %) на анкетирани кои одговориле дека децата Роми не се прифатени од страна на другите ученици. Ова значи дека мнозинството на испитаници смета дека тие без никакви резерви и предрасуди се прифатени од нивните соученици. Најголем дел од наставниците, 58,6 % не се согласуваат со исказот дека наставната програма не ги мотивира децата Роми, односно дека тие не се прилагодени на нивните потреби.

На прашањето дали учениците Роми би биле поуспешни во школувањето доколку наставата е на ромски јазик, наставниците воглавно сметаат дека тоа е ирелевантно, што кореспондира со нивното гледање дека децата Роми немаат особени потешкотии во владеење на македонскиот јазик (Табела 7).

| | лица | % |
|---|---|---|
| Ромски јазик | 15 | 25.9 |
| Македонски јазик | 15 | 25.9 |
| Нема значење | 25 | 43.1 |
| Не знам | 3 | 5.2 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Табела 7. Дали би било подобро децата Роми да се школуваат на Ромски јазик?*

Познавањето на другите култури различни од својата придонесуваат до подобра интеракција со останатите кои се 'различни' од нас. Кога станува збор за образованието, тоа потпомага во прилагодување на пристапот во наставата како и разбирање на менталитетот кој има свое влијание во развојот на детето. На прашањето за тоа колку ја познаваат ромската култура и традиција, повеќето од испитаниците одговориле потврдно, но доминираат позициите на средина на скалата (малку или доволно познавање). Резултатите се прикажани во Табела 8.

| | лица | % |
|---|---|---|
| воопшто | 1 | 1.7 |
| малку | 24 | 41.4 |
| доволно | 27 | 46.6 |
| потполно | 6 | 10.3 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Табела 8. Колку Вие ја познавате Ромската култура и традиција?*

Наставниците беа прашувани за нивните искуства во врска со учеството на родителите Роми во процесот на школување на нивните деца. Одговорите се прикажани на Табела 9.

| | никогаш | | понекогаш | | секогаш | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | лица | % | лица | % | лица | % | лица | % |
| Се интересираат за работата на училиште | 14 | 24.1 | 42 | 72.4 | 2 | 3.5 | 58 | 100 |
| Помагаат во пишување домашни работи | 19 | 32.8 | 39 | 67.2 | 0 | 0 | 58 | 100 |
| Настојуваат да обезбедат услови за учење | 11 | 19.0 | 44 | 75.8 | 3 | 5.2 | 58 | 100 |
| Разговараат со наставниците | 7 | 12.1 | 51 | 87.9 | 0 | 0 | 58 | 100 |
| Доаѓаат на родителски средби | 17 | 29.3 | 39 | 67.2 | 2 | 3.5 | 58 | 100 |
| Учествуваат во родителски совет | 20 | 34.5 | 29 | 50.0 | 9 | 15.5 | 58 | 100 |

*Табела 9. Учество (помош) на родителите во образованието на децата Роми*

Мнозинство од испитаните наставници (72,4%) имаат впечаток дека родителите само понекогаш се интересираат за тоа што работеле нивните деца на училиште. Само двајца наставници одоговриле дека родителите секогаш се интересираат. Резултатот добиен на ова прашање покажува дека ниту еден од наставниците не мисли дека родителите секогаш им помагаат во пишување на домашните задачи, а една третина од наставниците дури велат дека родителите никогаш не помагаат при изработката на домашните задачи. Многу мал број на испитаници (само 5,2%) мислат дека родителите секогаш настојуваат да обезбедат услови за учење, додека пак 19% сметаат дека дека родителите никогаш не обезбедуваат услови.

Комуникацијата со наставниците е важен контролен механизам преку кој се следи успехот на детето. Дури 87,9% од наставниците се изјасниле дека родителите само понекогаш доаѓаат на училиште на разговор со наставниците. Ниту еден наставник не одговорил дека доаѓаат секогаш. Од одговорите во

Табела 9 може да се види дека преовладува одговорот дека тие понекогаш доаѓаат на родителски средби (67,2%). Најголем број од испитаниците одговориле дека родителите Роми понекогаш учествуваат во родителските совети.

| | не се согласувам | | делумно се согласувам | | се согласувам | | без одговор | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | лица | % | лица | % | лица | % | лица | % | лица |
| Училишната зграда е во добра состојба | 6 | 10.3 | 18 | 31.0 | 34 | 58.7 | 0 | 0 | 58 |
| Во наставата се користат современи нагледни средства | 7 | 12,1 | 41 | 70.7 | 10 | 17,2 | 0 | 0 | 58 |
| Наставниците не прават разлика меѓу учениците Роми и останатите | 11 | 19.0 | 25 | 43.1 | 21 | 36.2 | 1 | 1.7 | 58 |
| Останатите ученици коректно се однесуваат кон децата Роми | 3 | 5,2 | 14 | 24,1 | 40 | 69,0 | 1 | 1.7 | 58 |
| Наставниците попуштаат во оценувањето | 8 | 13.8 | 27 | 46.5 | 23 | 39.7 | 0 | 0 | 58 |
| Наставните содржини се преобемни | 6 | 10,3 | 40 | 69,0 | 11 | 19,0 | 1 | 1.7 | 58 |
| Потребна е дополнителна настава | 3 | 5.2 | 23 | 39.7 | 31 | 53.4 | 1 | 1.7 | 58 |
| Децата немаат инререс за наставата | 8 | 13,8 | 21 | 36,2 | 29 | 50,0 | 0 | 0 | 58 |

*Табела 10. Услови во кои се одвива образованието на децата Роми*

Од Табела 10 може да се види дека голем број од испитаниците сметаат дека училишната зграда се наоѓа во добра состојба. Употребата на современи наставни средства овозможуваат полесно разбирање на материјата но, од друга страна и интерактивност со учениците. Наставниците сметаат дека состојбата во врска со нагледните средства е прифатлива – само единаесет испитаници одговориле дека не се согласуваат со тоа дека во наставата се користат современи нагледни средства. Наставниците препознаваат манифестации на дискриминација кон учениците Роми – само 12,0% од испитаниците воопшто не се согласуваат дека постои поинаков третман на некои наставници кон децата Роми. Од резултатите во табелата можеме да видиме дека впечатокот на мнозинството на наставници е дека другите ученици коректно се однесуваат кон своите соученици Роми. Добиените податоци укажуваат на тоа дека огромното мнозинство од наставниците сметаат дека наставните содржини се преобемни, но и дека генерално, децата Роми немаат интерес за учење. Истовремено, само тројца испитаници сметаат дека нема потреба од дополнителна настава за децата Роми во дадениот контекст.

Запрашани за предлози во врска со подобрување на квалитетот на образованието на учениците Роми, најголемиот број наставници предложиле мерки кои подразбираат поголема одговорност што треба да ја преземат родителите и децата, односно, редовно посетување на наставата од страна на децата (27,6%) и соработка меѓу наставниците, родителите и невладините организации (15,2 %). Останатите предлози се лепеза на различни активности како зголемување на свеста кај родителите и децата за значење на образованието, дополнителна едукација, бесплатен школски прибор, редукција на дискриминацијата и сл.

# Заклучок и препораки

Анализата на добиените резултати од спроведеното истражување овозможи да се дојде до индикатори кои се основа за понатамошни истражувања но се значајни информации кои може да се инкорпорираат во креирање на образовани стратегии или други образовни акции. Она што ова истражување го карактеризира како интересно се дијаметрално спротивните резулати добиени од анкетирање на родителите и наставниците.

Затоа, при сумирање на ваквите резултати се наметнува впечатокот дека работата не е завршена туку допрва треба да следуваат истражувања кои ќе ги надополнат добиените резултати или пак за одредени подрачја ќе се направат и подлабоки истражувања. Испитувањето на ставовите на родителите Роми и наставниците за образованието на децата Роми во рамките на ова истражување, треба да биде третирано како обид да се идентификуваат

проблемите и потребите а подоцна истите да бидат искористени за осмислување одредени акции за вклучување на сите влијателни страни за надминување на проблемите.

Испитаните родители како најголем причинител за нискиот процент на образовани Роми ја сметаат лошата материјална состојба. Имајќи го во предвид фактот дека 60 % од анкетираните родители како единствен приход во семејството ја истакнале социјалната помош, разбирливо е дека трошоците поврзани со испраќање на детето во училиште им изгледаат ненадминлива пречка за обезбедување на адекватни услови за школување на децата. Би требало да се истакне дека родителите на неколку пати напоменаа дека средината во која што живеат не е пречка за школување а и тешко може да се тврди дека ромската традиција и култура ги тера нивните деца да апстинираат од образование.

Она што е значајно да се наведе е дека свеста за потребата и значењето на образованието кај испитаниците е на релативно високо ниво. Тоа може да се увиди од фактот дека родителите се обидуваат да ги мотивираат своите деца да продолжат со школување преку обезбедување на услови за учење, помош во домашните задачи и средби со наставниците.

Од друга страна, резултатите кои се добиени од анкетирањето на наставниците покажуваат поинаква слика. Во најголем број од одговорите се забележува голема спротиставеност на одговорите на родителите. Наставниците имаат впечаток дека Ромите не се заинтересирани за школување, слабиот успех е нешто што се препишува на Ромите како одговорност и дека родителите се многу малку заинтересирани за напредокот на нивните деца во училиште.
Земајќи ги предвид аспектите и на родителите и на наставниците, а со цел надминување на ваквата состојба се предлагаат следните мерки: материјална помош во училишен прибор и книги, стипендирање на ученици Роми, развивање на соодветни образовни стратегии и активности за вклучување на семејствата во образование на децата, изготвување на предметни програми за дополнително работење со послабите ученици.

## Користена литература


- Статистички годишник (2003), Државен завод за статистика.

# Зошто децата Роми го напуштаат образованието?

## Размислувања на родителите Роми и наставниците за причините за осипување кај децата Роми од основното образование и можностите за негово надминување

Целта на ова истражување е да се испитаат ставовите и размислувањата на родителите и наставниците во однос на проблемот на високата стапка на осипување на деца Роми во основното образование. Од вкупно испитани 278 родители Роми и 58 испитаници кои се дел од наставниот кадар во училиштата низ Македонија каде се школуваат деца Роми, може да се констатира дека проблемот на напушатање на образовниот процес е алармантен. Податоците укажуваат на битни разлики во мислењата на родителите Роми и наставниот кадар во однос на образованието на децата Роми. Двете групи се согласуваат со тоа дека децата Роми се соочуваат со посебни пречки во школувањето, но, додека родителите генерално сметаат дека немањето пари е главна причина за неодењето во училиште и како главна потреба ја истакнуваат помошта во книги и парични средства, наставниот кадар смета дека едукацијата на родителите Роми и дополнителна настава за децата се приоритетни активности кои треба да се преземат.

## Вовед

Ромската етничка група е најголемо малцинство во Европа, а живее на маргините на општеството и припаѓа во групата на сиромашните. Во Република Македонија, до периодот кога се усвоени Националната Стратегија за Ромите и Акционите планови на Декадата за вклучување на Ромите, немало документи кои се однесувале на подобрување на состојбата на Ромите во земјата. Во рамките на овие документи постојат делови во кои се истакнува како проблем напуштањето на училиштето од страна на децата Роми.

Основното образование е задолжително и бесплатно (чл. 44 од Законот за основно образование, 1995) И покрај тоа, многу истражувања, податоци и искуства укажуваат на постоење на проблемот на напуштање на основното училиште од децата Роми.

Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците причините за напуштањето на училиштето ги гледа во економско - социјалното потекло на учениците, нискиот степен на образованието на родителите, неинформираноста на родителите, нивната немотивираност па и негативен став кон учењето и училиштето, недоволно познавање на македонскиот јазик при поаѓање во прво одделение, живеење во економски сиромашна и културно-социјална депримирана средина во годините на раното детство. Во документот на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците,

“Информација, согледувања и предлози за образованието на Ромите во Република Македонија 2003 година” се укажува дека осипувањето кај децата Роми е често и забележително во петтото одделение.

Истата констатација ја има и во извештајот на истражувањето на Петковска (2003) кое се однесува на предвременото напуштање (осипување) на учениците во основното и средното образование во Република Македонија, а со кое се опфатени 862 основни училишта од вкупно 1020 во Р. Македонија во учебната 2001/2002 година (види Прилог, табела 1 и 2).

Исто така и од податоците земени од Стратегијата за Ромите во Република Македонија укажуваат на постоењето на осипувањето кај децата Роми во основните училишта. Како илустрација, во учебната 1998/99 биле запишани 7602 деца Роми во основните училишта и истата учебна година основно образование завршиле само 372 деца Роми. (види Прилог, табела 3)

Целта на ова истражување е да се открие какви се размислувањата на родителите Роми и наставниците од основните училишта за тоа кои се причините за осипувањето на децата Роми во основното образование. Родителите и наставниците се основните и најнепосредните фактори кои влијаат врз процесот на образованието на децата, и затоа сметаме дека покрај научните размислувања и анализи, треба да се добие увид и на гледиштата на овие две страни во однос на причините за осипувањето на децата Роми во основното образование, како и нивните проценки за потребите врзани со надминување на осипувањето .

Очекуваме овој труд да даде поттик за сериозни проучувања и следење на проблемите и потребите на ромската популација, а пред се на децата Роми, и да послужи како база за подготвување соодветни проекти и програми, особено водени и реализирани од државните институции за долгорочно решавање на овој проблем.

## Метод на истражувањето

Со ова истражување се опфатени родители Роми, наставници, стручните служби и директорите на основните училишта кои гравитираат во или блиску до населбите каде живеат поголем број на Роми. Примерокот брои вкупно 278 родители Роми. Оваа група испитаници се родители на деца Роми кои се откажале од основно училиште или родители на деца кои учат во основно или во средно училиште. Изборот на испитаници се одвиваше по системот “од врата на врата”, во 10 градови во земјата (Табела 1). Од едно семејство беше анкетиран само по еден негов член, мајката, таткото или старателот на детето, и тоа оној кој во моментот е доброволно на располагање за испитувањето. Од 278 испитаници- родители, 43,9% се мажи, а 56,1 % се жени.

Примерокот испитаници - наставници и наставен кадар брои 58 лица вработени во основни училишта во истите градови (Табела 1). Структурата на наставниот кадар по функција во училиштето е хетерогена. Испитаниците наставници беа припадници на различен профил на стручен наставен кадар меѓу кои имаше одделенски наставници, наставници по природни и општествени науки, педагози и психолози. Примерокот е избиран пригодно.

| Град | Родители | Наставен кадар |
|---|---|---|
| Скопје | 122 | 12 |
| Прилеп | 33 | 7 |
| Битола | 17 | / |
| Кичево | 11 | 7 |
| Тетово | 21 | 6 |
| Гостивар | 15 | 7 |
| Виница | 8 | 5 |
| Штип | 13 | 5 |
| Куманово | 28 | 5 |
| Кочани | 10 | 4 |

*Табела 1. Број на опфатени родители Роми и наставен кадар по градови*

За утврдување на ставот на родителите Роми и наставниците кон напуштањето на образованието од страна на децата Роми користени се прашалници подготвени од страна на членовите на тимот кои го спроведоа ова истражување. Беа подготвени два вида на прашалници: едниот наменет за испитаниците родители Роми и другиот наменет за наставниот кадар во училиштата.

Прашалникот за родители е составен од 32 структуирани прашања кои се однесуваат на демографски податоци , односот на родителот кон образованието на своето дете и прашања кои ги откриваат размислувањата на родителот за потенцијалните одговорни институции и лица. На крај, задавани се и прашања за активностите кои се неопходни да се превземат за да се реши проблемот на напуштање на основното образование [1].

1. Со цел да се испита разбирливоста на прашањата во прашалниците, пред почетокот на процесот на анкетирање беше спроведено пилот истражување на 16 родители и 12 наставници. Откако се спроведе пилот истражувањето и се решија дилемите во однос на содржината и формулацијата, истражувањето се спроведе на планираниот примерок

Прашалникот за наставниот кадар се состои од прашања кои даваат увид на следниве области кои се фокус на интерес на ова истражување: општ увид во структурата на учениците во училиштето, размислувања за осипувањето, соработката со родителите Роми, перцепцијата на наставниот кадар за причините за слабиот успех на децата Роми и напуштањето на училиштето, како и податоци за постоечки планови и активности на училиштето за надминување на проблемот на осипување на децата Роми.

Анкетирањето се одвиваше во периодот мај- јуни, а го спроведе тимот кој работеше на овој истражувачки проблем. Во најголем дел од теренското анкетирање одговорите на прашањата ги бележеа анкетарите. На родителите Роми, прашањата им се читаа од страна на анкетарот, а по потреба прашањето анкетарот го преведуваше на ромски јазик и потоа се запишуваше одговорот на испитаникот. Мал број од испитаниците родители Роми сами ги пополнуваа прашалниците. Со цел да се добијат валидни одговори, на испитаниците им беше загарантирана анонимноста.

За разлика од прашалниците за родителите Роми, прашалниците за наставници ги пополнуваа самите наставници, врз основа на претходно зададено упатство за пополнување. И овие прашалници беа одговарани анонимно.

# Резултати

## Резултати од испитаниците родители Роми

Податоците од ова истражување покажуваат дека најголемиот број испитаници тешко може да обезбедат поволна клима за образование на децата. Од вкупниот број испитаници -родители, 70,5 % се невработени. Невработеноста на родителите неминовно доведува до лоша економска состојба на семејството која значително негативно се одразува врз можноста за адекватно образование на нивните деца. Една третина од испитаниците (33,1%) во ова истражување имаат барем едно дете кое е на училишна возраст а не оди на училиште. Како најчеста наведена причина (56,52%) за напуштање на училиштето, оние испитаници чие дете е на училишна возраст а не се школува, ја навеле сиромаштијата (немањето пари). Слабата мотивација на детето за учење е исто така често наведувана појава поради која детето го прекинало основното образование и се јавува како второрангирана причина (Табела 2).

| | Лица | % |
|---|---|---|
| Немање пари | 52 | 56.52 |
| Детето не сака да учи | 19 | 20.65 |
| Азилантски престој | 5 | 5.43 |
| Дете со посебни потреби | 5 | 5.43 |
| Болест | 4 | 4.35 |
| Малолетни бракови | 3 | 3.26 |
| Односот на училиштето | 3 | 3.26 |
| Непријавено дете | 1 | 1.1 |
| Вкупно одговориле | 92 | 100% |

*Табела 2. Причините за напуштање на училиштето*

Прашани за тоа дали им помагаат на своите деца во извршување на училишните обврски, 66, 6% од родителите одговориле дека работат дома со своите деца (Табела 3).

| | лица | % |
|---|---|---|
| Да | 185 | 66.6 |
| Не | 81 | 29.1 |
| без одговор | 12 | 4.3 |
| Вкупно | 278 | 100 |

*Табела 3. Дали му се помагате на детето во извршување на училишните задачи?*

Оние родители кои одговориле дека не им помагаат на своите деца во извршувањето на училишните задачи, најчесто како причина за тоа ги наведуваат неписменоста, работна преоптовареност и недоволното разбирање на наставниот материјал (Табела 4).

| | лица | % |
|---|---|---|
| Неписменост на родителите | 36 | 48.65 |
| Работна презафатеност | 25 | 33.78 |
| Неразбирање на наставниот матерјал | 10 | 13.52 |
| Детето несака да учи | 2 | 2.70 |
| Нема потреба од помош | 1 | 1.35 |
| Вкупно одговориле | 74 | 100 |

*Табела 4. Причини за непомагање на детето во извршување на училишните задачи*

Само 68.3 % од родителите одговориле дека редовно присуствуваат на родителските средби. Оние кои се нередовни на родителските средби (41,7%), а одговориле на прашањето зошто не ги посетуваат средбите, најчесто како причина го наведуваат чувството на срам и неадекватност во училишната средина (50%), неинформираност (20%), а останатите 30% наведуваат и фактори како немање доволно време или болест.

Во врска со одговорноста за редовноста на детето во посетувањето на училиштето, доминантен став помеѓу испитаниците е дека родителите се тие кои се најповикани да се грижат за тоа. Интересно е дека само 20,2% од испитаниците сметаат дека надлежните државни органи треба да бидат одговорни за редовноста на децата, 18,8% сметаат дека наставниците треба да бидат одговорни за редовноста, а уште помалку испитаници (7,2%) сметаат дека редовноста треба да биде грижа и на училиштето (Табела 5).

| | да | | не | | без одговор | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | лица | % | лица | % | лица | % | лица | % |
| Детето | 20 | 7.2 | 257 | 92.4 | 1 | 0.4 | 278 | 100 |
| Родителите | 151 | 54.4 | 126 | 45.3 | 1 | 0.3 | 278 | 100 |
| Наставниците | 52 | 18.8 | 225 | 80.9 | 1 | 0.3 | 278 | 100 |
| Училиштето | 18 | 7.2 | 257 | 92.4 | 3 | 0.4 | 278 | 100 |
| Надлежни државни органи за образование | 56 | 20.2 | 221 | 79.5 | 1 | 0.3 | 278 | 100 |

*Табела 5. Ставот на родителите за тоа кој треба да се грижи за редовно одење на детето во училиште*

Испитаниците беа прашани за нивното видување во врска со тоа кои се најчестите можни причини за тоа да се прекине основното образование. Наодите се прикажани во Табела 6. Немањето пари е наведена како најчеста причина за прекинување на образованието на детето. Но, не е мал бројот и на испитаници кои како честа причина ја наведуваат неприфатеноста на децата Роми во училишната средина, па дури и негативниот родителски став кон одењето на училиште, кој неретко е израз на финансиската преоптовареност која ја предизвикува одењето на училиште (пари за книги, работен материјал и сл.)

| | често | | ретко | | никогаш | | без одговор | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | лица | % | лица | % | лица | % | лица | % | лица | % |
| Немање пари за школување | 220 | 79.2 | 50 | 18.0 | 4 | 1.4 | 4 | 1.4 | 278 | 100 |
| Родителите не им дозволуваат | 77 | 27.7 | 126 | 45.4 | 71 | 25.5 | 4 | 1.4 | 278 | 100 |
| Неприфатеност од средината | 77 | 27.6 | 126 | 45.4 | 71 | 25.5 | 4 | 1.4 | 278 | 100 |
| Децата немаат интерес за учење | 43 | 15.4 | 158 | 56.8 | 69 | 25.1 | 8 | 2.8 | 278 | 100 |
| Родителите мислат дека учењето е “губење време” | 10 | 3.6 | 59 | 21.2 | 203 | 73.0 | 6 | 3.2 | 278 | 100 |

*Табела 6. Размислувања на родителите за најчести можни причини за напуштање на училиштето*

Прашани за тоа кои би можеле да бидат дополнителни фактори коишто го попречуваат регуларното завршување на основното образование, испитаниците ги наведоа субстандардното живеење, дискриминацијата, невработеноста на родителите, немотивираноста на децата за образование и малолетните бракови. Од вкупно 103 испитаници кои одговориле на ова прашање дури 30%, сметаат дека дискриминацијата е фактор кој што влијае врз регуларното завршување на основното образование. Исто така 27% од испитаниците кои одговориле на ова прашање сметаат дека невработеноста е фактор кој што го попречува регуларното завршување на основното образование.

Испитаниците сметаат дека бесплатните книги за децата вклучени во образованието е најнеопходната потреба (Табела 7). Финансиската подршка исто така се смета за важен елемент (преку реализација на програми за стипендирање). Дополнителни часови по македонски јазик според родителите Роми не се неопходни, иако во испитаните семејства се зборува ромски јазик.

| | да | | не | | без одговор | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | лица | % | лица | % | лица | % | лица | % |
| Пари | 168 | 60.4 | 107 | 38.4 | 3 | 1.2 | 278 | 100 |
| Книги и облека | 195 | 70.1 | 79 | 28.4 | 4 | 1.5 | 278 | 100 |
| Дополнителни часови по мак. јазик | 34 | 12.2 | 241 | 86.6 | 3 | 1.2 | 278 | 100 |
| Бесплатна ужинка | 54 | 19.4 | 221 | 79.4 | 3 | 1.2 | 278 | 100 |
| Предавања за важноста на образованието | 64 | 23.0 | 211 | 75.8 | 3 | 1.2 | 278 | 100 |

*Табела 7. Најпотребна помош на децата Роми во образовниот процес*

Наодите покажуваат дека во голем процент, родителите Роми се незадоволни од знаењето на нивните деца (Табела 8). Доминира одговорот дека родителот е малку задоволен од тоа каков е квалитетот на знаењата на детето.

| | лица | % |
|---|---|---|
| Многу сум задоволен | 84 | 30.2 |
| Малку сум задоволен | 137 | 49.3 |
| Воопшто не сум задоволен | 33 | 11.9 |
| Не знам | 9 | 3.2 |
| Не одговориле | 15 | 5.4 |
| Вкупно | 278 | 100 |

*Табела 8. Степен на задоволност на родителот од квалитетот на знаење на детето*

Според мислењата на родителите Роми, финансиската помош е најприоритетната задача која треба да ги превземе државата. Повеќе од половината испитаници, одговориле дека паричната помош им е најпотребна (Табела 9).

| | да | | не | | без одговор | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | лица | % | лица | % | лица | % | лица | % |
| Да им дава пари на родителите | 149 | 53.6 | 126 | 45.3 | 3 | 1.1 | 278 | 100 |
| Да ги едуцира родителите Роми | 86 | 30.9 | 189 | 68.0 | 3 | 1.1 | 278 | 100 |
| Да ги казнува роди-телите според законот | 71 | 25.5 | 204 | 73.4 | 3 | 1.1 | 278 | 100 |
| Да изгради училишта во ромски средини | 119 | 42.8 | 156 | 56.1 | 3 | 1.1 | 278 | 100 |

*Табела 9. Мерки кои треба да ги преземе државта за да се намали осипувањето*

Прашани за тоа што училиштето би можело да направи за да се намали осипувањето, родителите во најголема мера ја поддржуваат идејата за бесплатни книги. (Табела 10).

| | да | | не | | без одговор | | вкупна | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | лица | % | лица | % | лица | % | лица | % |
| Да ги мотивира децата | 84 | 30.2 | 192 | 69.1 | 2 | 0.7 | 278 | 100 |
| Чести средби со родители | 59 | 21.2 | 217 | 78.1 | 2 | 0.7 | 278 | 100 |
| Бесплатни книги | 169 | 60.8 | 107 | 38.5 | 2 | 0.7 | 278 | 100 |
| Бесплатна храна и облека | 115 | 41.4 | 161 | 57.9 | 2 | 0.7 | 278 | 100 |

*Табела 10. Мерки кои треба да ги превземе училиштето за да се намали осипувањето*

Од 91,7 % од родителите кои одговориле на прашањето дали треба уште некој субјект освен државата да направи нешто за решавање на образовните проблеми, 63,3 % сметаат дека е неопходно и други субјекти да сторат нешто. Најчесто, упатуваа на родителите (17, 5%), ромските невладини организации (12,9%), општината (4,7%), а споменувани се и Ромите како заедница, меѓународната заедница, училиштата, политичките партии и други.

Испитаниците даваа и свои идеи за тоа што треба да се направи за да се подобри ситуацијата со образованието на децата Роми. Вработување на родителите Роми, материјална и финансиска подршка, мотивација на децата и изградба на училишта во ромски средини се приоритетни активности кои тие ги наведоа за да се реализира таа цел (Табела 11).

| | лица | % |
|---|---|---|
| Изградба на училишта во ромски средини | 11 | 7.3 |
| Мотивација на децата | 29 | 19.3 |
| Недискриминирање на децата Роми | 3 | 2.0 |
| Обука за важноста на образованието | 6 | 4.0 |
| Подршка (материјална и финансиска) | 32 | 21.3 |
| Притисок врз релевантните образовни институции | 3 | 2.0 |
| Ромите/сами да си помогнат | 1 | 0.7 |
| Соработка | 4 | 2.7 |
| Вработување на родителите Роми | 61 | 40.7 |
| Вкупно одговориле | 150 | 100 |

*Табела 11. Што треба да се направи за да се подобри ситуацијата?*

Најнакрај, дури 79,5 % од испитаниците сметаат дека децата Роми се соочуваат со посебни проблеми во образованието, коишто ги немаат децата не-Роми.

Ставот на родителите во однос на потребата од превземање посебни активности за Ромите во образованието не е за занемарување. Огромното мнозинство, односно 85,3 % од нив потврдно одговориле на потребата за креирање посебни програми за образование за децата Роми.

## Резултати од испитаници - наставен училишен кадар

Генерално, испитаниот наставен кадар смета дека постои проблем на осипување на децата Роми во основното образование. Така, 79,3 % сметаат дека во основното образование тој проблем е евидентен, 10,3% мислат дека тоа не е така, а 10,4% од испитаниците не дале одговор на ова прашање.

Во 51,7% од училиштата каде е спроведено истражувањето, испитаниците изјавиле дека постои осипување на ученици Роми. Наспроти тоа, 63,8 % од наставниот кадар смета дека децата Роми редовно доаѓаат во училиште, а 36,2 % сметаат дека тоа не е така. Уште поголем процент од испитаниот наставен кадар (67.2%) смета дека децата Роми имаат слаб интерес за учење. Според 94,8 % од наставниот кадар, децата Роми немаат проблеми во разбирањето на македонскиот јазик којшто е јазикот на кој се одржува наставата. Само 5,2% мислат дека децата имаат проблеми во разбирањето на македонскиот јазик. Повеќе од половина од испитаниците смета дека децата Роми се соочуват со проблеми во образованието кои ги немаат децата не-Роми (53, 2%), а останатите сметаат дека тоа не е така.

Како најчести причини за нередовноста на децата Роми (Табела 12) во училиште стручниот кадар ги истакнува: немањето пари (32,8 %), немање на интерес за учење кај децата Роми (32.8 %) и немање на родителска поддршка за учењето на детето (27,6 %).

| | лица | % |
|---|---|---|
| Немање пари во семејството | 19 | 32.8 |
| Родителите не ги подржуваат | 16 | 27.6 |
| Децата немаат интерес за учење | 19 | 32.8 |
| Учењето е губење време | 1 | 1.7 |
| Друго | 3 | 5.1 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Табела 12. Причини за нередовност во училиште на децата Роми*

Главната причина за слабиот успех на децата Роми, наставниците ја лоцираат во тоа што нив во семејството нема кој да им помага во изработка на училишните задачи. Вака размислуваат дури 75,9 % од наставниот персонал. За 6,9% тоа е недоволното познавање на јазикот, а останатите 17,2% навеле други причини.

Прашани за тоа како се задоволни од соработката со родителите, во најголем број (39,7%) наставниците се изјасниле дека соработката е недоволна, 25.9 % од нив одговориле дека соработката е добра, 19 % соработката ја оцениле како многу добра, а само 1, 7% како одлична (табела 13).

| | лица | % |
|---|---|---|
| Одлична | 1 | 1.7 |
| Многу добра | 11 | 19.0 |
| Добра | 15 | 25.9 |
| Доволна | 6 | 10.3 |
| Недоволна | 23 | 39.7 |
| Без одговор | 2 | 3.4 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Табела 13. Оценка за соработката со родителите*

Според наставниот кадар, родителите Роми само понекогаш одат на родителски средби или дел од нив воопшто не одат на родителски средби. Само 13.8 % од испитаниците одговориле дека родителите Роми се редовни на родителските средби (табела 14).

| | лица | % |
|---|---|---|
| Да, редовно | 8 | 13.8 |
| Понекогаш | 33 | 56.9 |
| Воопшто не | 16 | 27.6 |
| Без одговор | 1 | 1.7 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Табела 14. Редовност на родителите на родителски средби*

Наставниците сметаат дека родителите на децата Роми многу малку се заинтересирани за образованието на нивните деца. Повеќе од половина испитаници (51.7 %) сметаат дека родителите многу малку се заинтересирани, а 37.9% дека родителите делумно се заинтересирани за образованието на нивните деца (Табела 15).

| | лица | % |
|---|---|---|
| Многу се заинтересирани | 1 | 1.7 |
| Делумно се заинтересирани | 22 | 38.0 |
| Многу малку се заинтересирани | 30 | 51.7 |
| Воопшто не се заинтересирани | 4 | 6.9 |
| Без одговор | 1 | 1.7 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Табела 15. Мислењето на наставниот кадар за заинтересираноста на родителите за образованието на своите деца*

Прашани за факторите кои најмногу влијаат врз осипувањето, наставниците се изјасниле дека воглавно, тоа зависи од ставот на родителите (Табела 16).

| | лица | % |
|---|---|---|
| Родителите | 48 | 82.8 |
| Училиштето | 2 | 3.4 |
| Државните органи | 2 | 3.4 |
| Друго | 4 | 6.9 |
| Без одговор | 2 | 3.4 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Табела 16. Субјекти/фактори кои најмногу влијаат врз осипувањето на децата Роми*

Испитаниците беа прашувани за одделни можни причини кои го предизвикуваат проблемот на осипувањето. За разлика од мислењето на родителите Роми, 53,4 % од наставниците сметааат дека немањето пари не е причина за напуштање на образованието, а само 6,9% од целиот испитан наставен персонал смета дека неприфатеноста на Ромите од средината може да биде причина заради која децата го напуштаат образованието. Прашани за тоа дали родителскиот негативен став може да е причината, 34,5% наставници позитивно се изјасниле. Но, на прашањето дали интересот на децата може да биде фактор за осипувањето, 62, 1% од испитаниците одговориле потврдно.

На предложените алтернативи за надминување на проблемот со осипувањето, испитаниците се определиле на следниот начин: за разлика од родителите кои сметаат дека немањето пари е основна причина за проблемите во образованието, 84,5 % од наставниот кадар смета дека парите како помош не се најпотребни за да се намали осипувањето. Прашани дали помошта во

бесплатни книги и облека би биле од корист, 60,3% од испитаните наставници одговориле потврдно. Можното решение кое би се состоело во дополнителни часови по македонски јазик, само 5,2% од испитаниците ја сметаат за корисна. Затоа пак, за потребата за предавања за важноста на образованието се определиле 69% од испитаниците.

Огромното мнозинство испитаници (89,7%) се согласува дека треба да се преземат посебни мерки за намалување на осипувањето на децата Роми од основното образование.

Резултатите од размислувањата на испитаниците - наставници за тоа што треба да направи државата за да се опфатат целосно децата Роми во образовниот процес се прикажани во Табела 17.

| | лица | % |
|---|---|---|
| Да дава пари | 6 | 10.3 |
| Едукација на родители | 39 | 67.3 |
| Строга примена на законот за основно образование | 13 | 22.4 |
| Вкупно одговориле | 58 | 100 |

*Табела 17. Што да направи државата за целосен опфат на децата*

Од вкупно 32 лица од испитаниот стручен наставен кадар кој дал одговор на прашањето кои други субјекти треба да направат нешто за да се намали осипувањето, 32,8 % сметаат дека Министерството за образование, државата и локалната самоуправа се најповикани институции кои треба да превземат некаков вид на активности.

| | лица | % |
|---|---|---|
| Министерство за образование, државата, локалната самоуправа | 19 | 59.4 |
| Мегународната заедница | 1 | 3.2 |
| Наставниците | 2 | 6.2 |
| НВО | 4 | 12.5 |
| Родителите | 6 | 18.7 |
| Вкупно | 32 | 100 |

*Табела 18. Кои други субјекти треба да направат нешто за да се намали осипувањето*

Мислењата на испитаните наставници за тоа што државата треба да направи за да се подобри состојбата со завршување на основното образование на децата Роми, прикажани се во Табела 21. Најголемото мнозинство испитаници (65,5%) сметаат дека надлежните државни органи би требало да обезбедат повеќе дополнителна настава за децата Роми.

| | лица | % |
|---|---|---|
| Повеќе дополнителна настава | 38 | 65.5 |
| Мотивација на родители со пари | 5 | 8.6 |
| Настава на ромски јазик | 3 | 5.3 |
| Едукација на наставници за ромската традиција | 6 | 10.3 |
| Едуцирање на родителите | 1 | 1.7 |
| Без одговор | 5 | 8.6 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Табела 19. Што да направи државата за подобрување на состојбата*

Испитаниците беа прашувани и за улогата на училиштата во намалување на осипувањето. Во 79.3 % од училиштата каде е спроведено истражувањето, веќе има активности за намалување на осипувањето, такашто огромното мнозинство наставен кадар не даваше многу дополнителни идеи за улогата на овој фактор. Најголем број од нив (13%) се согласуваат дека училиштето треба да обезбеди дополнителна едукација на родителите, а споменувани беа и дополнителна настава, построг критериум, соработка со родителите и сл.

На прашањето дали треба некој друг да направи нешто за намалување на осипувањето освен државата и училиштето, половината испитаници ја потврдиле потребата од ангажирање на дополнителни субјекти кои ќе работат на овој проблем. Најголемиот број испитаници од оние кои посочувале идеи за тоа какви активности повиканите субјекти треба да преземат, сметаат дека е потребна активност насочена кон едукација на родителите за важноста на образованието.

# Заклучоци и препораки

Родителите чии деца го напуштиле училиштето како најчеста причина ја наведуваат лошата финансиска ситуација на семејството. Немањето на пари, за нив е главниот извор на проблемите во образованието со кои се соочуваат децата од ромската заедница.

Необразованоста на родителите е исто така значаен фактор кој негативно влијае врз целосната лоша слика за образованието на Ромите во Македонија. На децата родителите најчесто им помагаат во извршувањето на домашните задачи, а во ситуациите кога на детето не му се помага тоа е резултат главно на неписменоста на родителот и неразбирањето на наставната материја.

Како дополнителни причини за напуштање на училиштето родителите покрај немањето пари го споменуваат и субстандардното живеење, невработеноста, дискриминацијата, незаинтересираноста на детето, малолетни бракови.

Родителите сметаат дека најповикана за решавање на проблемите на Ромите во образованието е државата која треба да им даде вработување на родителите Роми и на тој начин да се ублажи сиромаштијата во ромските семејства која е пречка за нормално одвивање на образованието на децата. Исто така мотивирањето на децата, материјалната помош во училишен прибор и книги како и финансиската помош т.е стипендирање, се неопходни за намалувањето на осипувањето на Ромите во образовнието. По државата, најповикани страни кои можат да го помогнат процесот на решавање на овој проблем се родителите, ромските невладини организации и општината.

Според одговорите на анкетираниот наставен кадар, осипувањето како проблем реално постои. Дури 79,3 % од наставниот кадар одговориле дека има осипување на децата во основното образование. Соработката со родителите поголем дел од наставниот кадар ја оценува како недоволна. Се смета дека родителите на децата Роми само понекогаш или воопшто никогаш не се редовни на родителските средби. Згора на тоа, наставниот кадар ги доживува децата Роми како незаинтересирани за учење и оставени без помош и поддршка од родителите во совладувањето на наставниот материјал. Како фактор кој најмногу влијае врз образованието на децата Роми наставниците ги посочуваат родителите за кои сметаат дека малку се заинтересирани за образованието на своите деца.

Бесплатните книги и облека, повеќе дополнителна настава за децата, предавања за важноста на образованието и едукација на родителите Роми се активности кои според наставниот кадар треба да се превземат за да се намали осипувањето.

Родителите и наставниците се речиси едногласни во размислувањата во однос на потребата од посебни активности за децата Роми за кои се сметаат дека се соочуваат со посебни проблеми кои ги немаат останатите.

Но, останува фактот дека меѓу овие две групи постои јаз во ставовите за причините и начините на решавање на проблемите. Впечатлива разлика помеѓу размислувањата на наставниците и родителите има во однос на немањето пари како фактор кој негативно се одразува врз образованието на децата Роми. Додека родителите тврдат дека немањето на пари е главна причина за осипувањето во образованието, наставниот персонал ја негира потребата од парични средства како најпотребна помош за намалување на осипувањето во образованието на децата Роми и главен акцент става на соработката со родителите и дополнителна едукација на децата и родителите.

Од одговорите на родителите и наставниот кадар преовладува мислењето дека државата е најповикана да превземе активности со кои би се подобрила економската состојба на семејствата, како и конкретни планови и интервенции во процесот на образованието со цел да се подобри опфатеноста, редовноста и квалитетот на знаењето на децата Роми во сите степени на образование.

Исто така во Програмата за развојот на образованието, да се определат конкретни активности во училиштата кои имаат деца на кои македонскиот јазик не им е мајчин јазик а учат на македонски, да се сензитивираат наставничките кадри за потребите на билингвалните деца, воведување на поглавје за историјата на Ромите во учебниците по предметот Историја во основните училишта.

Граѓанските организации, донатори и други заинтересирани организации и институции, да креираат и подржуваат програми и активности кои би биле во насока на помагање за разрешување на потребите на децата Роми во процесот на образованието.

## Користена литература


- Петковска, А. (2003). Предвремено напуштање (осипување) на учениците во основното и средното образование во Република Македонија. Скопје: УНИЦЕФ
- Информација, согледувања и предлози за образованието на Ромите во Република Македонија. (2003). Скопје: Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците
- Стратегија за Ромите во Република Македонија. (2004). Скопје: Министерство за труд и социјална политика

# Прилог

**Табела1**. Број на ученици од основните училишта во Р. Македонија кои предвреме го напуштиле училиштето во учебната 2001/2002, со посебен акцент на ромската училишна популација (од прво до четврто одделение)

| Националност | Осипување во основно училиште | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | прво одделение | | второ одделение | | трето одделение | | четврто одделение | |
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| Македонци | 50 | 50 | 51 | 71 | 82 | 24 | 62 | 25 |
| Роми | 35 | 23 | 22 | 29 | / | 23 | / | 27 |

*Преземено од Петковска (2003)*

**Табела2**. Број на ученици од основните училишта во Р. Македонија кои предвреме го напуштиле училиштето во учебната 2001/2002, со посебен акцент на ромската училишна популација (од петто до осмо одделение)

| Националност | Осипување во основно училиште | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | пето одделение | | шесто одделение | | седмо одделение | | осмо одделение | |
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| Македонци | 93 | 47 | 33 | 25 | 72 | 25 | 103 | 12 |
| Роми | 161 | 93 | 49 | 17 | 25 | 33 | 7 | 6 |

*Преземено од Петковска (2003)*

**Табела 3**. Запишани и завршени ученици Роми во основните училишта

| Учебна година | Запишани | Завршиле |
|---|---|---|
| 1998/1999 | 7602 | 372 |
| 1999/2000 | 7757 | 400 |
| 2000/2001 | 7970 | 518 |
| 2001/2002 | 7868 | 598 |
| 2002/2003 | 7993 | 627 |

*Преземено од Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците (2003).*

# Мислења на студентите Роми за нивниот третман во високото образование

“Не е погрешно да си различен од другите, погрешно е другите да те третираат различно”

# Вовед

Експертската група “Права на граѓаните„ спроведе истражување на тема „Ромите во високото образование-дискриминација или афирмација„. Целта на истражувањето беше да се согледаат мислењата на студентите Роми за нивниот моментален статус во Високото образование и начинот на кој се третирани.

Денес живееме во општество во кои населението следи различни цивилизациски придобивки, култури, традиции и припаѓа на различни етнички заедници. Често пати меѓу различните групи се јавуваат меѓусебни стереотипи и предрасуди. Како резултат на негативните стереотипи и предрасуди спрема одредена група, може да се појави и дискриминаторски третман на нејзините членови како поединци или група.

Кога станува збор за дискриминација треба да се напомене и тоа дека меѓународното право има изградено многу јасен став за промоција и заштита на човековите права. Основен принцип на обезбедувањето на човековите права е принципот на недискриминација врз било која основа. Овој принцип претставува фундаментален елемент на низа меѓународни декларации за човековите права и слободи.

Во согласност со меѓународното право се и националните правни документи како и највисокиот правен акт, Уставот на Република Македонија. Со член 9 од Уставот на Република Македонија, се утврдува еднаквоста на граѓаните, додека во член 44, се гарантира еднаквоста во образованието,со член 54 став 3, се утврдува дека ограничувањето на слободата и правото не може да биде дискриминирачко ни по основа на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, како и имотна или општествена положба.

Еднаквоста или забраната на дискриминација парцијално се присутни во неколку закони, а дискриминацијата е кривично санкционирана во Кривичниот законик во член 134 и 137.

И покрај широкиот дијапазон на ратификувани меѓународни декларации од оваа област, како и уставните одредби со кои се идентификуваат принципите на еднаквост и недискриминација во Република Македонија не е обезбедена

соодветна законска рамка во вид на посебен закон, за еднакво практикување на базичните права и слободи, и не е обезбеден соодветен и лесно достапен механизам за заштита и санкционирање на дискриминацијата во сите нејзини форми во кои се таа се појавува.

Сепак и покрај ваквите уставни и законски норми кај еден дел од населението на државата присутно е чувството дека дискриминацијата повеќе или помалку е присутна во високо образовните институции, без оглед на тоа дали е во јавна или скриена форма. Чувството на дискриминираност предизвикува чувство на помала вредност и е еден од најдестимулативните елементи кој драстично влијае врз студентот и за жал доведува до губење мотивација уште на самиот почеток на студиите, како и до ненавремено завршување и откажување од студиите. Ромите се една од групите кај која се среќаваат овие чувства на дискриминираност и пониска вредност.

Со ова истражување се потрудивме да ги испитаме перцепциите на Ромите студенти за начинот како се третирани во Високо образовните институции од страна на професорите, колегите не Роми и од целокупната администрација вклучена во Високо образовниот процес, а воедно и да дадеме свој придонес во подобрување на третманот на Ромите студенти во Високо образовниот систем.

Според член 6 од Охридскиот Рамковен договор точка 6.3 се вели дека :
“ При уписот на државните универзитети на нови студенти, кои припаѓаат на заедници кои не се мнозинско население во Македонија, ќе се применува принципот на позитивна дискриминација се додека уписот правично не го одрази составот на населението во Македонија “. Апсолутно логички на наведената одредба која произлегува од Охридскиот Рамковен договор е дека на 2,66 % население Роми кои живеат во Македонија на универзитетите треба да има застапеност од 2,66 % Роми студенти, реалната состојба е сосема спротивна на оваа одредба бидејќи на универзитетите процентот на застапеност на Роми студенти изнесува 0,23 % со индекс 0,08.

Горенаведеното го потврдува и објавениот конкурс за запишување на студенти на Државните Високо Образовни Установи во Р.Македонија, каде според одлуката на Владата на Р.М. (бр. 19-2096/2) под наслов “Дополнителни квоти утврдени од Владата на Р.М. (страна бр. 11 точка 1) која вели: “ За обезбедување правична и соодветна застапеност на студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, на Државните Високо Образовни Установи во учебната 2005/ 06 година дополнително ќе се запишат студенти припадници на овие заедници чиј број да не е повисок од 10% од вкупниот број студенти кои се запишуваат во 1 година на ниво на факултет (редовни во државна квота и редовни со кофинансирање). Во рамките на овој процент, соодветно ќе бидат застапени припадниците на сите заедници, до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население на Република Македонија.

На Високо образовните установи на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”-Скопје и Универзитетот “Св. Климент Охридски”-Битола, каде постојат студиски програми кои се застапени и на државниот универзитет во Тетово, припадниците на Албанската заедница ќе се запишуваат само во редовните квоти.

| Национална припадност | Број на студенти | | | % | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| | редовни | вонредни | вкупно | | |
| Македонци | 27.099 | 5.754 | 32.853 | 89.04 | 1,35 |
| Албанци | 1.974 | 312 | 2.286 | 6,2 | 0,25 |
| Турци | 378 | 89 | 467 | 1.26 | 0,33 |
| Срби | 422 | 43 | 465 | 1.26 | 0,70 |
| Власи | 234 | 33 | 267 | 0.72 | 0,86 |
| Роми | 83 | 4 | 87 | 0.23 | 0,08 |
| Други | 403 | 69 | 472 | 1.27 | / |
| Вкупно | 30.593 | 6.304 | 36.897 | 100.00 | / |

*Табела 1 Запишани студенти по национална структура на државните универзитети на државните квоти ( национални квоти) за академска година 2001/2002*

Од табелата број 6 можеме да утврдиме дека Македонците имаат 5.4 пати поголем пристап на факултетите од Албанците и 16.87 пати поголем пристап од Ромите. Додека пак Ромите од Албанците имаат 8,75 пати помал пристап на факултетите, од Власите 3,12 пати помал пристап, од Турците 4,12 пати помал пристап и од Србите 8,7 пати помал пристап. Ова води он заклучок дека Ромите имаат најмалку застапенсот на факултетите и најмал пристап во однос на другите малцинства.

Кога сме кај малиот број на студенти Роми треба да се напомне дека најмалата застапеност на факултетите во однос на другите националности не е целосно резултат само на чувството на дискриминација кај самите студенти Роми туку на тоа имаат влијание и други причини. Меѓу другите ќе ги спомeнеме: слабата имотна состојба на ромските семејства, недовршено основно и средно образование, ниско ниво на едукација на родителите, немање домашни услови за учење и традицијата женските деца да не се потикнуваат да одат на училиште и нивното рано стапување во брак. Подетални податоци за социо-економските причини кои имаат влијаат врз образованието на Ромите може да се најдат во Stydu project “Vulnerability of Roma children in the dispersed Roma community in Skopje” – Дивна Лакинска- Поповска, септември 2000.
Како и да е тоа е моменталната реалност која се надеваме дека брзо ќе се

промени, ќе се надминат стереотипите за Ромите, ќе се изнајдат механизми за заштита на злоупотребите на националните квоти и ќе се зголеми бројот на студентите Роми во високото образовните институции и ќе се третираат еднакво како и другите и покрај тоа што Ромите се различни од другите.

# Причини и цели на истражувањето

Сакајќи да ги согледаме проблемите со кои се соочуваат студентите Роми во високото образование, како и нивното мислење за тоа како се третирани во високото образование од различни аспекти, групата за граѓански права, формирана и поддржана од ЕЦМИ, покрај другите истражувања се одлучи да направи истражување во делот на високото образование.

За нас како истражувачки тим е битно да согледаме каков став имаат студентите Роми во врска со третманот кој тие го имаат во споредба со останатите студенти не–Роми, во рамките на Високото образование во Р.Македонија.

Битно беше да се согледа каква е соработката на студентите Роми со наставниот кадар и со останатите служби во високо образовните институции, како и односот помеѓу студентите Роми и не-Роми во рамките на факултетите во Република Македонија.

Сакавме да видиме колку студентите Роми ја препознаваат дискриминацијата во таквите институции и надвор од нив, дали ги користат механизмите за заштита и практикување на човековите права и не дискриминација.

Како мотив за продолжување на вакви и слични истражувања беше потребата да дознаеме дали воопшто ја има дискриминацијата во другите нивоа на образование (основно и средно) и како се манифестира .

# Метод

## *Испитаници*

Испитаници се скоро сите студенти Роми запишани на универзитетите во Република Македонија, односно 85% од вкупниот број на студенти Роми. Чекорот на добивање на податоци за запишаните студенти Роми и обезбедувањето на вкупната целна група беше изведен во соработка со Ромаверзитас.

Структурата на примерокот во однос на релевантните варијабли е прикажан во Табела 2.

| Р.бр. | УКИМ | ЈИЕ | УТ | УКЛО | ММ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I – год | 31 | 6 | 2 | 9 | 1 | 49 |
| II - год | 30 | 1 | | 3 | | 34 |
| III - год | 27 | 4 | | 2 | | 33 |
| IV - год | 10 | | | | | 10 |
| Апсолвенти | 11 | | | 1 | | 12 |
| Вкупно: | 109 | 11 | 2 | 15 | 1 | 138 |

*Табела 2: Структура на примерокот според универзитетот и година на студии*

УКИМ - Универзитет Св. Кирил и Методиј;
ЈИЕ - Југоисточен Европски Универзитет;
УТ-Тетовски Универзитет;
УКЛО - Универзитет Св. Климент Охридски;
ММ-Приватен Универзитет - ММ.

Прашалниците се пополнуваа анонимно од страна на испитаниците, кои пред да започнат со потполнувањето добиваа детално објаснување за начинот на потполнување, целта за истражувањето, гаранција за нивната анонимност како и можност за увид на добиените резулати откако ќе се заврши со истражувањето.

## *Инструменти за прибирање на податоци*

Прашалникот е подготвен од ЕГ – “Права на граѓаните” за испитување на ставот на студентите Роми, за начинот на кој тие се третирани во високо образовните институции во Р. Македонија се состои од 24 прашања од кои 4 се однесуваат на демографските податоци, 6 прашања се однесуваат на односот помеѓу Роми и не-Роми, 5 прашања се за односот на професорите кон студентите Роми, 8 прашања се однесуваат на различни начини на дискриминација во високото образование и 1 прашање се однесува на дискриминацијата во другите нивоа на образование.
Анкетирањето на студентите Роми се вршеше во просториите на Ромаверзитас, и во простории на факултетите каде студираа поголем број студенти Роми.

## *Постапка*

Анкетирањето се одвиваше во текот на месеците мај – јуни 2005 год. Анкетните прашалници беа поделени на студентите сами да ги пополнуваат, а секогаш екипа од најмалку двајца анкетари беше присутна за евентуално дополнително објаснување. Анкетите беа подготвени на македонски јазик и никој од студентите не пројави интерес или забелешка по однос на јазикот, за сите беше битно да се разбере и да се даде соодветен придонес кон целокупното анкетирање.

На крајот од студентите беше побарано да го коментираат прашалникот, да даваат свои мислења за прашалникот, да даваат сугестии за понатамошна работа во однос со високото образование, беа дозволени и прашања од студентите кон анкетарите.

# Резултати

## Колегијалната прифатеност на студентите Роми

Оваа тема беше опфатена со шест прашања. Добиените одговори на сите шест прашања се дадени графички, заради поголема прегледност. Општиот заклучок на кој упатува анализата на одговорите на сите шест прашања е дека студентите Роми се добро прифатени од страна на нивните колеги не-Роми и дека тие со нив одржуваат нормални колегијални односи.

Првото прашање од оваа батерија се однесуваше на тоа дали студентите се дружат со колегите не-Роми. Се констатира дека студентите Роми со своите колеги не-Роми имаат интензивни другарски односи. Графикот бр. 14 покажува дека од вкупниот број на испитаници 96 % се дружат со колеги не-Роми, а само 4 % не се дружат со колеги не-Роми, туку исклучиво се дружат самите помеѓу себе, со колегите Роми.




*График бр.1 Дружењето меѓу студентите Роми и не-Роми*

Добиените податоци покажуваат дека голем дел од студентите Роми се дружат со своите колеги не-Роми. Тоа е јасен знак дека студентите Роми покажуваат интерес да се дружат со останатите студенти од другите етникуми кои студираат на Високо образовните институции во Р.Македонија.

Следното прашање беше насочено еден чекор понапред во откривањето на квалитетот на односите меѓу студентите Роми и нивните колеги од другите етнички заедници. Испитаниците ги прашавме дали се прифатени од своите колеги не-Роми. Податоците прикажани на графикот бр. 2 покажуваат висок степен на прифатеност на студентите Роми од нивните колеги не-Роми. 49 % од испитаниците сметаат дека се одлично прифатени, 22 % сметаат дека се многу добро прифатени, 24 % дека се добро прифатени, 4 % помалку лошо и 1 % од испитаниците сметаат дека се лошо прифатени од страна на своите колеги не-Роми. Интересно е што процентот на оние кои одговориле дека се помалку лошо или лошо прифатени во основа се совпаѓа со процентот на оние кои на предходното прашање одговориле дека не се дружат со колеги не-Роми.

Како сте прифатени од колегите од другите националности?




*График бр.2 Прифатеност на студентите Роми од колегите не-Роми*

Дружењето и прифаќањето на студентите Роми најчесто се случува со Македонците (82%) потоа со самите себеси (11%), со Албанците (4%) и најалку со Турци, Бошњаци и Власи (1%), како што е покажано на Графикот 3 .

Најголем број од колегите со кои што се дружите се:




*График бр. 3 Националноста на колегите со кои се дружат*

Податокот дека процентот на оние студенти Роми кои се дружат со своите колеги Роми, поттикнува на понатамошни истражувања. Тоа што Ромските студенти се дружат во најголем процент со своите колеги Македонци, а не и со останатите студенти од другите етникуми може да не е резултат на некаква прифатеност или желба за дружење туку се должи на фактот дека во најголем процент на високо образовните институции во Република Македонија се студенти од македонската етничка заедница.

Интересно е да се напомене дека со колегите Македонци се дружат студентите Роми од Универзитетите: УКИМ и УКЛО, каде во најголем процент се студентите од македонската етничка заедница, а со Албанците студентите Роми се дружат на Универзитетите : ЈИЕ и УТ во Тетово, каде што во најголем процент студираат студенти од албанската етничка заедница.

На последното прашање од оваа батерија, прашањето како реагираат студентите не-Роми кога дознаваат дека некој нивни колега или колешка е Ром или Ромка (графикот бр. 4) се добиваат слични резултати. Мнозинството испитаници Роми (58 %) одговориле дека биле прифатени без коментар, 38 % дека ги прифатиле велејќи им дека не се како другите Роми и 4 % воопшто не биле прифатени. И во овој случај процентот на одговори кои откриваат неприфатеност на студентите Роми од страна на другите е скоро ист како и во другите прашања со слична целна насоченост.

Кои се реакциите од колегите кога дознаваат дека сте Ром?




*График бр. 4 Начин на прифаќање од страна на колегите не-Роми*

Од горенаведените резултати може да се увиди дека свесни за тоа дека се Роми, колегите не-Роми без некои посебни причини во најголем број ги прифакаат нивните колеги Роми. Сепак, не е мал ниту бројот на оние студенти не-Роми кои имаат се уште одредени стереотипи кон Ромите, не познавајќи ја Ромската популација со сите нивни пропратни елементи на традиција и културни вредности. Тие ги прифакаат своите колеги Роми, но сепак со мала доза на вчудоневиденост и резерва како да не им веруваат на своите колеги дека и тие се Роми.

## Третманот на Ромите од страна на наставниот кадар

Оваа батерија содржеше пет прашања насочени кон дофаќање на оценките на студентите за односот на наставниот кадар кон нив. Овде се прикажани одговорите само на едно од тие прашања. Одговорите на истото се прикажани графички (график бр. 5).

Дали некој досега ве прашал за вашата национална припадност за време на испит?




*График бр.5 Испитот и националната припадност*

Мнозинството испитаници (60%) одговараат дека за време на испит не биле прашани за нивната национална припадност, но истовремено, една третина (32%) одговара дека на испит биле прашани за нивната национална припадност. Овој факт може да индицира нееднаков па и дискриминаторски третман на студентите од страна на професорите врз основа на нивната националност. Но, за да се оцени вистинската тежина на овој податок потребна е попродлабочена анализа. Во таа насока, може да помогне и сознанието за тоа во која мерка во високото образование е присутна негативната слика за Ромите. Еден од показателите за тоа е прифатеноста на негативната слика за Ромите која вообичаено се означува со изразот „циганска работа”.

За да дознаме колку оваа слика е силно присутна во високообразовните кругови, нашите испитаници ги прашавме дали некогаш некој во нивно присуство на факултет употребил зборови за кои е општо познато дека се израз на негативни предрасуди кон Ромите како, на пример, “Циган”, “циганска работа”. Добиените одговори се прикажани графички (график 6).

Дали во ваше присуство некој спомнал “Циганска работа”?




*График 6. Застапеноста на негативни претстави за Ромите*

Добиените резултати покажуваат дека постојат негативни предрасуди кон Ромите во високото образование. Факт за тоа е процентот на испитаници кои одговориле дека некој во нивно присуство одредена активност ја означил со појоративниот израз „Циганска работа”  е многу висок (69%). Присутноста на ваквите негативни предрасуди кон ромската националност резултираат со чувство за дискриминација кај Ромите, но и со нивни сознанија за нивна фактичка дискриминираност во однос на другите. Чувството за дискриминираност на студентите Роми врз основа на нивната национална припадност уште посилно се манифестира во одговорите за начините на дискриминација во високото образование.

## Начини на дискриминација во високото образование

Оваа батерија содржеше осум прашања насочени кон дофаќање на мисленњата на студените Роми за нивните непосредни искуства со дискриминаторски третман во високото образование. Овие мисленња во голема мерка зависат од самото сфаќање на дискриминацијата од страна на нашите испитаници. Во таа насока беше поставено едно општо прашање за самото разбирање на дискриминацијата. Резултатите се дадени во табела 3.

| | лица | % |
|---|---|---|
| Малтретирање на поединец | 5 | 3.62 |
| Не еднаков третман спрема одредена група на луѓе/поединец | 124 | 89.86 |
| Неточна (искривена) слика за одредена група на луге | 8 | 5.80 |
| Друго | 1 | 0.72 |
| Вкупно | 138 | 100 |

*Табела бр. 3 Сфаќање на дискриминацијата*

Добиените податоци покажуваат дека најголемиот број на испитани студенти Роми имаат правилна дефиниција и разбирање на дискриминацијата. Тоа значи дека нивните оценки и мисленња за начините на дискриминација на студентите Роми во високото образование се релеабилни.

На прашањето дали некогаш на факултетите се почуствувале лично дискриминирани нешто помалку од две третини од испитаниците одговараат негативно, додека пак нешто повеќе од една третина оцениле дека имале лично искуство на дискриминираност, односно дека се почуствувале дискриминирани на факултетите на кои студираат.

## Дали некогаш на факултет сте се почуствувале дискриминирани?




*График бр.7 Лично искуство со дискриминација*

Овој податок од 38% испитаниците кои одговориле дека се почувствувале дискриминирани во Високото образование повторно потврдува дека постои дискриминација кон студентите Роми.

Чувството на дискриминираност не се гради само врз лично искуство. Националната припадност побудува силни солидаристички чувства. Заради тоа, интересно е сознанието дека студентите Роми почесто ја забележуваат дискриминацијата која се врши над други студенти Роми, а не само врз нив лично. Во таа насока податоците од графиконот 8 покажуваат дека поголем број  на испитаници (48%) кои согледале вршење дискриминација над други студенти Роми е значително повисок во споредба со процентот на лично искусена дискриминација во високото образование (38%, од претходниот график).

## Дали познавате колеги Роми кои биле дискриминирани?




*График бр. 8. Искуство со дискирминација на други студенти Роми*

Како најчести чинители на дискриминација на студентите Роми во високото образование се посочуваат професорите (33.3%) и колегите студенти не-Роми (30.5%). Но значително висок е и процентот на испитаници кои оцениле дека Ромите ги дискриминираат и студентските служби (со 20.8%) и другите служби на факултетот (11.1%, Табела 2)

| Доколку сте се почуствувале дискриминирани, од кого сте биле дискриминирани | | |
|---|---|---|
| Од професори | 24 | 33.3 |
| Од колеги не-Роми | 22 | 30.50 |
| Од студентски прашања | 15 | 20.8 |
| Од други служби на факултетот | 8 | 11.1 |
| Друго | 3 | 4.1 |
| Вкупно | 72 | 100 |

*Табела бр.4 Кој ги дискриминира студентите Роми*

Ваквите чувства на дискриминираност на студентите Роми во високото образование во Македонија се потврдуваат и споредбено. Имено, според, испитаниците, токму припадниците на ромската етничка заедница, во споредба со припадниците на другите етнички заедници во земјата, се најдискриминирани (види график 9).

Според Вас, која етничка заедница е најдисктиминирана?




*График бр. 9. Споредбена дискриминација*

Одговорите на ова прашање откриваат уште посилно чувството на дискриминираност. Имено, освен што покажуваат дека Ромите се најдискриминирани, добиените податоци откриваат многу повисок степен на општа дискриминација отколку онаа која се покажува директно. Имено,

само 13% од испитаниците одговориле дека ниту една етничка заедница не е дискриминирана во високото образование во Република Македонија. Ова е навистина алармантен податок и заслужува понатамошни и посистематски истражувања и анализи.

## Заклучоци

- Студентите Роми на факултетите најмногу се дружат со колеги не- Роми поточно со Македонци;

- Ромите студенти се добро прифатени, но голем дел од студентите Роми, односно 38% од вкупниот број на испитаници се прифатени од нивните колеги не-Роми, со укажување дека не се како останатите Роми. Тоа укажува дека студентите не-Роми имаат предрасуди и стереотипи кон студентите Роми;

- Студентите Роми се прашувани за национална припадност кога полагале испит, а тоа за нив е знак на дискриминација за време на испитот.

- Бидејќи 69 % од вкупниот број на испитаници одговориле дека во нивно присуство слушнале некој од нивните колеги да каже „Циганска работа„, заклучивме дека иако студентите не-Роми ги прифаќаат нивните колеги Роми сепак тие имаат предрасуди и стереотипи за нив, а тоа е основа за дискриминаторско однесување кон студентите Роми.

- Од спроведеното истражување заклучивме дека студентите Роми во високото образование имаат чувство на дискриминираност и сметаат дека најдискриминирана етничка заедница во Република Македонија се токму Ромите.

## Препораки

- Во иднина треба да се работи на креирање на програми за надминување и разбивање на негативните предрасуди и стереотипите кои ги имаат студентите не-Роми за нивните колеги Роми;

- Да се развијат механизми за заштита на студентите Роми од дискриминација по основ на етничка припадност од страна на универзитетските професори при полагање на испитите.

- Креирање на заштитен механизам и примена на националната квота за упис на факултет на студенти Роми во Р.М.

- Понатамошно научно следење на чувството на дискриминација, неговите манифестации и извори.

## Користена литература:

Истражување “Еднаков пристап на Ромите во Јавната администрација„ – (Далиповска, Мустафов, Дурмиш) - Подржано од Интернационалната група за малцински прашања

# Познавањето на човековите права кај ромската заедница во Република Македонија

# Вовед

Република Македонија е граѓанска, самостојна, независна, демократска и социјална држава, во која суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните.

Уставот на Р.М. од 1991 година е либерално демократски устав заснован врз слободите и правата на човекот и граѓанинот. За ваквата значајност на човековите права и слободи за уставното уредување на Република Макеоднија и за нејзиниот политички систем доволно силно зборуваат два моменти. Прво, основните слободи и права се уставна материја и се темелна вредност на уставниот поредок на Македонија. Второ, човековите права и слободи заземаат централно место во Уставот на Републиката, а преку тоа и во политичкиот, економскиот и воопшто во општествениот систем на земјата, Ова е потврдува со фактот дека човековите права и слободи се регулирани во вториот дел на Уставот, веднаш по оновните одредби содржани во првиот дел. Одредбите за правата и слободите им претходат на одредбите за организацијата на државната власт, локалната самоуправа, меѓународните односи и одбраната на Републиката. Според тоа, тие се основа и инспирација на целокупниот општествен живот во Република Македонија.

Уставот на Република Макеоднија правата и слободите ги класифицира во пет категории: лични или граѓански права и слободи, политички, економски, социјални културни права.

Личните права и слободи се суштина на граѓанските и сите други слободи и права. Клучен уставен принцип во гарантирањето на овие права и слободи е начелото на недискриминација на граѓаните по било која основа: пол, раса, боја на кожата, националност, социјално потекло, политичко и верско убедување, имотна и општествена положба. Врз основа на овој принцип се гарантираат следните лични права и слободи: право на живот, интегритет на човековата личност, право на слобода, презумпција на невиноста, право на одбрана,право на жалба, слобода на движењето и домувањето, неповредливоста на домот, тајноста на писмата и на другите облици на општење, слобода на вероисповеста и правото на државјанство.

Политичките права и слободи го обезбедуваат демократскиот карактер на државната и локалната власт, а со тоа и учеството на граѓаните во остварувањето на своите права и слободи. Уставот ги гарантира следните политички права и слободи: право на рамноправност и еднаквост, слобода на мислата и определувањето, слобода на говорот и јавното истапување, слобода на печатот и на другите видови информирање, слобода на собир и на друго јавно собирање, слобода на здружувањето, избирачко право, право на претставки и поплаки, права на странците, право на одбрана на земјата.

Информираноста на граѓаните со уставните и законските одредби во врска со овие права и слободи е предуслов за учество на граѓаните во остварувањето на сите нивни права и слободи.

Заради аналитичките потреби на нашето истражување, а придржувајќи се до општо прифатената класификација како особено значајни се издвојуваат неколку економски, социјални и културни права. Уставот ги утврдува следните економски права: право на сопственост, право на работа, право на штрајк, право на синдикално организирање. Уставот ги утврдува следните социјални права: Право на социјална сигурност, социјално осигурување, социјална заштита, право на помош и посебна заштита, право на здравствена заштита, право на слободно одлучување за создавање на деца и право на здрава животна средина. Уставот на Република Македонија ги утврдува следните културни слободи и права: право на образование, право на научно и уметничко творештво и слобода на изразување на националниот идентитет.

Имајќи ја ваквата значајност на правата и слободите за животот на граѓаните во Македонија, Уставот, исто така, обезбедува и соодветни гаранции на основните права и слободи. Една од клучните гаранции е познавањето на правата и слободите од страна на граѓаните. Во таа насока Уставот во член 50 одредува дека граѓанинот на Републиката има право да биде запознат со човековите права и слободи. Познавањето на правата и слободите се смета за претпоставка на активниот придонес на граѓаните за остварување, унапредување и заштита на правата и слободите загарантирани со Уставот.
Нашето истражување е прилог токму во оваа насока. Тоа се занимава со информираноста на граѓаните од ромската етничка заедница со нивните права и слободи како граѓани на Република Македонија. Во таа насока, истражувањето ја испитува информираноста со некои од позначајните права и слободи одредени со Уставот. Во таквата своја насоченост истражувањето ги продолжува и продлабочува намерите содржани во Националната Стратегија за Ромите во Република Македонија (Стратегија), усвоена од Владата на РМ 2004 ). Во оваа Стратегија се вели дека “во земјите од Централна и Источна Европа постојат појави на директна или индиректна расна дискриминација кон Ромите поради што Ромите не се во состојба да се интегрираат во тие општества во потполност. Тоа се рефлектира во бројни области во животот на Ромите, било да станува збор за услуги кои државите ги даваат, а не се подеднакво достапни на Ромите од разни причини, или е во прашање неинформираност на Ромите за сопствените права, како и за незнаење кои чекори би требало да се превземат, за да може да се остварат загарантираните права или услуги”

Значи, иако постојните уставни и законски одредби обезбедуваат пристојно ниво на задоволување на стандардите кои секоја модерна држава би требала да ги исполнува, сепак заради низа причини, во реалноста примената на постојните закони, не функционира идеално. Се смета дека, и покрај, легално

декларираниот позитивен статус и заштита на правата на Ромите, државата не покажува доволна ажурност во реализацијата на истите и решавањето на случаите кои се појавиле во праксата. Што се однесува до облиците на директна дискриминација, се забележува дека заради чувствителноста на проблемот, ваквите случаи тешко се докажуваат од легален аспект, дури и кога ваквата појава е евидентна. Од тие причини испитувањето на информираноста на Ромите за правното регулирање на правата и слободите има голема научна и оштествена вредност

Впечаток е дека во Република Македонија информираноста за листата на човековите права, кои се системски загарантирани, е недоволна или, пак, е достапна само за лица со повисоки степени на образование, факт што предизвикува последици во практичната реализација на правата, кои тие и не ги познаваат (стр 79 од Национална стратегија за Ромите во РМ усвоена од Владата на РМ).

## Актуелност и цели на истражувањето

Водени од препораките и наведените активности од Националната стратегија за Ромите во Република Македонија, во делот на заштитата на човековите права и прашањата на дискриминацијата и од фактот дека досега не е направено истражување на национално ниво за тоа колку се познаваат основните слободи и права кај Ромската заедница во Р. Македонија, се констатира потребата да се спроведе истражување за тоа колку се познаваат човековите права.

Насочено во тој правец ова истражување има за цел да прибере искуствени податоци за нивото на познавање на ромската заедница за уставната и законската регулираност на некои позначајни лични, политички, социјално-економски и културни права на граѓаните на Република Македонија.

Вака поставената цел на истражувањето не е чисто академски мотивирана. Истражувањето е водено од поттикот да се добијат резултати кои ќе дадат насока на ромските активисти и на државните институции кои ќе бидат солидна основа за спроведување на акционите планови и успешно вклучување во Декадата на Ромите.

## Метод

Имајќи го предвид составот на истражувавачкиот тим, различното истражувачко искуство на членовите на тимот и придржувајќи се до општата рамка на целиот проект на Европски Центар за Малцински Прашања, во истражувањето е применет методот на анкетно истражување. Во истражувањето е користен пригоден примерок од етнички Роми на возраст над 18 години. Земени се оние градови каде што ромската популација е застапена над 3%. Големината

на примерокот е 670 и во секој град анкетирани се одреден број на случајно избрани лица од ромската етничка заедница (види Табела 1 и Графикон 1)

| Град | број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| Скопје | 287 | 42 |
| Битола | 54 | 8 |
| Виница | 20 | 3 |
| Гостивар | 34 | 5 |
| Кичево | 27 | 4 |
| Кочани | 20 | 3 |
| Куманово | 67 | 10 |
| Прилеп | 67 | 10 |
| Тетово | 47 | 7 |
| Штип | 40 | 7 |
| Вкупно | 670 | 100 |

*Табела 1. Структура на примерокот според градови*




*Графикон 1 . Структура на примерокот според пол*

## Инструмент за прибирање на податоци

За мерење на степенот на знаење на основните права и слободи користен е прашалник прилагоден на целната група која се карактеризира со релативно низок степен на образование. Користен е разбирлив јазик и прашања кои се од секојдневен живот. Прашалникот имаше вкупно 29 прашања групирани во шест батерии. Првата содржи пет прашања за социо-демографските белези на испитаниците, втората батерија содржи две општи прашања во врска со информираноста за стекнувањето на полнолетство и пријавување на новороденче. Третата батерија содржи пет прашања за информираноста во врска со правото на образование и неговото остварување. Четвртата батерија содржи три прашања за информираноста во врска со некои социјални права. Петтата содржи седум прашања за информираноста во врска со некои од најзначајните лични права и слободи на граѓаните. Шестатта батерија содржи седум прашања за информираноста во врска со самите човекови права и нивното познавање од страна на граѓаните.

## Истражувачка постапка

Анкетирањето се одвиваше во периодот од мај - јуни 2005 година. Спроведувањето на анкетата го реализираа обучени анкетари кои што го задаваа прашалникот во 10-те града во Републиката каде што живее ромската заедница. Пристапот во рамките на теренското истражување се базираше врз основа на меѓусебна координација помеѓу тимот истражувачи (одговорни за спроведување на теренското истражување со подготвен прашалник во согласност со истражувачкиот проблем) од една страна и менаџерите на ЕЦМП со чија што согласност секој тим поединечно водеше свој план на работа .

Обучените анкетари го задаваа прашалникот така што на испитаникот му го читаа секое прашање, и можните алтернативи, па ги одбележуваа одговорите. На испитаниците им беа задавани и дополнителни објаснувања на помалку познатите зборови, според однапред договорената процедура. Во средините каде што испитаниците подобро го владеат ромскиот јазик, анкетарите ја изведуваа целата постапка на задавање на прашалникот на ромски јазик. На тој начин, самото истражување покрај остварувањето на основната цел постигаше и една активистичка мисија.

Имајќи ги во предвид различните искуства на некои испитаници прашалникот им беше задаван без читање од страна на анкетарот. Наместо тоа самиот испитаник во согласност со своите убедувања заокружуваше една од понудените алтернативи зависно од сопственото познавање и убедување без претходно читање на прашањата од страна анкетарот. Посебно затоа што на

тој начин одредени проблеми од типот на групни разговори, групни одговори, беа практично решени со цел добивање на поубедливо размислување и убедување на испитаникот по однос на прашалникот за познавањето и непознавањето на човековите права  во Р. Македонија.

# Резултати

Резултатите од истражувањето се во согласност со претходните очекувања. Ова особено се однесува на резултатите за степенот на информираност или на запознаеност на испитаниците со нивните права и слободи како граѓани на Република Макеоднија. Како што ќе покажеме во продолжение, потврдени се претходните претпоставки и сознанија за ниското ниво на информираност. Исто така, не се изненадувачки ниту резултатите за причините за непознавање на правата и слободите. Истражувањето како главни причини ги утврди ниското ниво на образование кој е поврзан со високиот степен на исклученост на испитаниците од образовниот систем. Она што претстатвува посебно интересен резултат од ова истражување е сознанието дека ромската популација, преку примерокот кој е истражуван, покажува високо позитивен однос кон човековите права и слободи и, врз таа основа висока заинтересираност за подигање на степенот на информираност за правата и слободите и, особено за начините за нивна заштита пред домашните и меѓународните институции.

Резултатите на овие три аспекти  на информираноста за човековите права (степенот на информираност, причините за актуелната состојба со неинформираноста и потребата од запознавање со правата и слободите) се даваат во три одделни, но поврзани  прикази.

## Информираноста за правата и слободите

Во целина земено,истражувањето покажа дека испитаниците имаат многу ниско ниво на информираност од областа на граѓанските права и слободи. Ниското ниво на информираност не тера да зборуваме за степен на непознавање, а не за степан на познавање на граѓанските права и слободи.
Високиот степен на непознавање е карактеристичен за сите видови граѓански права: личните, политичките, социјално-економските. Сепак може да се забележи дека степенот на непознавање на правата е најмал во однос на правата во врска со образованието и социјалната заштита, додека пак нивото на непознавање е највисоко во однос на личните права (на пример, правото на жалба или на неповредливост на домот, види графикот 2 )




*Графикон бр 2 Степен на познавање на правата*

Во однос на овој резулттат од истражувањето неопходно е да се поставаат одредени ограничувања кои треба да бидат проверени со дополнителни и покомплексни истражувања. Потребата од ограничување на изнесеното сознание се однесува на констатираниот изразито повисок степен на информираност за правото на образование и правата од областа на социјалната заштита. Врз основа на непосредните искуства од теренот истражувачите оценуваат дека и покрај тоа што испитаниците во најголем број одговораат дека ги познаваат правата на образование и на социјална заштита сепак фактичката ситуација на теренот го покажува токму спротивното. Може да се претпостави дека испитаниците при одговарањето на ова прашање ја имале предвид самата социјална проблематика, а не и познавањето на правата, односно тие најповеќе се соочуваат со проблеми од таа област и сметаат дека знаат за истите права. Ниското ниво на информираност за своите права и слободи доаѓа до израз и по однос на правото за основно образование под еднакви услови (табела 2).

| Дали основното образоание е достапно за сите под еднакви услови | | |
|---|---|---|
| | лица | % |
| Да | 394 | 59.2 |
| Не | 179 | 26.9 |
| Не знам | 88 | 13.2 |
| Вкупно | 665 | 100 |

*Табела 2. Достапност на основното образование*

Табелата покажува дека повеќе од ¼ од испитаниците (26,9%) имаат погрешна претстава во однос на достапноста на основното образование под еднакви услови. На овој процент може да се додаде и значително висок процент на испитаници (13,2 %) кои не знаат дека основното образование е достапно за сите под еднакви услови.

Како дополнителен аргумент за непознавањето на правото на образование се резултатите од оваа варијабла каде 37,4% од испитаниците одговориле неточно на прашањето дали Ромите имаат право да учат на свој мајчин јазик (Графикон 3).

## Дали Ромите имаат право да учат на свој мајчин јазик?




*Графикон бр 3 . Право на настава на свој мајчин јазик*

Уште полошо е тоа што и покрај тоа што Ромите не ги познаваат своите права тие немаат идеја и каде да се обратат кога истите ќе им бидат прекршени од државните органи. На прашањето : Која е улогата на народниот правобранител ? 60,3% од испитаниците не ја знаеја улогата на народниот правобранител што директно имплицира на непознавање на можностите како да се заштитат (Графикон 4).

## Која е улогата на народниот правобранител?




*Графикон бр 4 . Улогата на правобранителот*

Прикажаните сознанија потврдуваат дека испитаните претставници на ромската заедница имаат ниско ниво на познавање на правата и слободите како во однос на нивната уставна и законска регулираност така и во однос на начините за нивно остварување и заштита. Во таа насока зборуваат и податоци за досегашните искуства на испитанците со заштитата на своите права и слободи. Добиените податоци откриваат дека значителен дел од испитаниците (една третина) не презеле чекори за заштита на своите права, поради тоа што не им веруваат на институциите надлежни за заштита на правата.

| Дали до сега сте се обратиле некаде да остварите некое Ваше право | | |
|---|---|---|
| | лица | % |
| Да | 82 | 12.1 |
| Не, зошто не сум имал потреба | 346 | 51.1 |
| Не, зошто немам доверба во институциите | 222 | 32.8 |
| Друго | 4 | 0.6 |
| Вкупно | 654 | 96.6 |

*Табела 3. Обраќање за остварување на право*

Се покажа дека огромен дел од испитаниците 83,9 % одговориле дека не се обратиле никаде за остварување на некое свое право. Од оние кои не се обратиле (568) за остварување на некое свое право, 39 % одговориле дека тоа не го направиле затоа што немаат доверба во институциите.
Ова сознание е компатибилно со претходно прикажаното сознание за високиот степен на неинформираност за правата и слободите. Кумулативното дејство на моменти фактори заедно сигурно објаснува голем дел од негативните состојби на планот на уживањето на правата и слободите од страна на ромската заедница.

Сепак, истражувањето покажа и една висока самоствест на испитаниците во однос на нивната неинформираност за правата и слободите (Графикон 5 и Табела 4). Вкупниот процент на испитаници кои се оценуваат дека праваат ги познаваат добро или одлично (16.41%) е за неколку пати понизок од процентот на испитаници кои оценуваат дека праваат не ги познаваат воопшто или ги познаваат само малку (54.75%). Притоа, вкупниот процент на жени кои одговориле дека воопшто не ги познаваат или малку ги познаваат правата и слободите (54.46%) е значително повисок од вкупниот процент на мажи (45.25%) со исти одговори. Разликите меѓу двата пола се особено видливи во однос на позитивните одговори. Од вкупниот број на оие кои одговориле дека правата ги познаваат добро или одлично 73.01% се мажи, а скоро два и пол пати помалку жени (29.95%).




*Графикон бр 5. Познавање на човековите права*

Како што може да се види Ромите на ова прашање дале одговор кој директно ја одсликува ситуацијата на терен односно резултатите од ова прашање ја потврдуваат тезата дека:  Ромите не ги познаваат своите основни човекови слободи и права.

| Какво е вашето познавање на човековите права ? | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | воопшто не ги познавам | многу малку | доволно | добро | одлично | вкупно |
| Пол | машки | 42 | 120 | 113 | 58 | 17 | 350 |
| | | 25.29% | 50.42% | 60.1% | 71.6% | 65.38% | |
| | женски | 77 | 118 | 75 | 23 | 9 | 302 |
| | | 64.8% | 49.58% | 39.89% | 28.39% | 34.62% | |
| Вкупно | | 119 | 239 | 188 | 81 | 26 | 652 |
| | | 18.25% | 36.5% | 28.8% | 12.42% | 3.99% | |

*Табела 4.  Оценка за познавањето на човековите  права*

Од оваа табела може да се согледа познавањето на човековите права согласно полот кај испитаниците каде може да се забележи поголемо непознавање на правата кај жените. Претпоставка  за поголемото непознавање на основните човекови слободи и права  е и ниското ниво на еманципираност на ромската жена. На овој заклучок наведуваат сознанијата од анализата на причините за непознавање на правата, изложени во продолжение.

## Причини за непознавање на правата и слободите

Како што беше споменато во воведот, информирањето за правата и слободите на граѓаните е една од уставните должности на државата. Но тоа е исто така и право на самите граѓани. Во таа смисла логично е причините за слабата и незадоволителна информираност на ромската заедница со правата и слободите да се бараат на двете нивоа - она што на планот на стекнувањето на сознанија за правата и слободите го прави или што не го прави државата и она што на тој план го прават или не го прават граѓаните инидивидуално или организирано преку граѓанскиот сектор.
Поаѓајќи од оваа претспоставка, а со цел се оцени важноста на некои од позначајните причини за недоволната информираност на испитаниците им беше дадено можност за алтернативен избор меѓу пет претпоставени причини (Графикон 6).




*Графикон 6. Причини за непознавање на човековите права*

Истражувањето покажа дека испитаниците како главна причина за непознавањето на човековите права го оценуваат недоволното образование. Овој фактор директно влијае врз можноста за пристапот и разбирањето на правата загарантирани со Уставот и законските прописи во Р. Македонија.

Согласно испитаниците како последователни фактори за непознавање на човековите права е беспарицата и неинформираноста. Ова дополнително ја зајакнува тезата дека Ромите сакаат да ги познаваат своите права, но не се информирани за истите што значи дека државата во иднина треба да покрене посериозни чекори кон информирање на своите граѓани. На ваква констатација упатуваат и анализите на ставовите на испитаниците за потребата од информирање, односно образование за човековите права.

## Потребата од образование за човекови права

Свеста за недоволната информираност за правата и слободите е проследена со соодветен позитивен став кон образованието за човековите права. Тоа се потврдува со одговорите на две меѓусебно поврзани прашања, прикажани во Графикон 7 и Графикон 8.

Дали ги познавате човековите права ?






*Графикон 7. Образование за човекови права*

Овде може да се види потребата за едукација на целната група. Испитаниците односно Ромите имаат огромна потреба од обука и запознавање со човековите права и со каналите и условите како да се заштитат во моменти кога ќе почувствуваат дека нивните права се загрозени.

Со цел да се продлабочи анализата на потребата од образование за човековите права со следното прашање сакавме да ги дознаеме мислењата на испитаниците за причините поради кои познавањето на човековите права и слободи може позитивно да влијае на подобрувањето на положбата на ромската заедница. Добиените одговори укажуваат на високо ниво на свест за смислата на правата и слободите - обезбедувањето и заштитата на човековото достоинство (Графикон 8)

Дали сметате дека Ви е потребна едукација за човекови права?




*Графикон бр 8. Потреба од познавање на човековите права*

На ова прашање испитаниците ги преполовија одговорите односно половината од нив одговориле дека главна причина за познавањето на човековите права е да се заштитат себе си, додека останатата половина ги подели мислењата како што може да се види од графиконот .

# Заклучоци

Врз основа на добиените резултати од спроведеното истражување се заклучува:

- Човековите права многу малку се познаваат во Ромската заедница во Р. Македонија;
- Ромите многу малку се обраќаат до државните институции за да остварат или да бараат заштита на своите права;

- Се констатира недоверба во државните институции при остварувањата на правата;
- Како особено важен фактор за ниското ниво на информираност за правата и слободите се покажува ниското ниво на образование, односно образовната исклученост на испитаниците, во таа насока;
- Се констатира висока самосвест на испитаниците за слабата информираност со правата и слободите и начините на нивната заштита;
- Се констатира потреба за образование за човекови права за ромската заедница во Република Македонија - 2/3 од испитаниците чувствуваат потреба од едукација за човековите права.

Резултатите од истражувањето ги потврдуваат поранешните сознанија во Националната стратегија за Ромите во Република Македонија, дека информираноста за листата на човекови права кои се системски загарантирани, е недоволна или пак е достапна само за лица со повисок степен на образование. Овој факт предизвикува последици во практичната реализација на правата. Во текот на истражувачката постапка се констатира дека претходно не е направено истражување на национално ниво за тоа колку се познаваат основните слободи и права кај Ромската заедница во Република Македонија со што се потврдува оправданоста за спроведување на истражување за тоа колку се познаваат основните слободи и права кај ромската заедница во Република Македонија.

## Препораки

Врз основа на сознанијата од истражувањето и искажаните потреби од самите испитаници се препорачува развивање на програми и активности за подигање на нивото на информираност за човековите права и слободи. Таквите програми може да се остваруваат во системот на образованието, но исто така и вон школскиот систем. Програмите треба да опфатат и информации, пред кои Ромите ќе можат ги остварат и заштитат своите права.
За развивање на препорачаните програми потребни се дополнителни истражувања :

1. Истражување за тоа зошто Ромите немаат доверба во државните институции за остварување на нивните права;

2. Какви форми за едукација за човекови права е најприфатлива за Ромската заедница во Р.Македонија;

3. Како гетоизираноста на Ромската заедница влијае врз непознавањето на човековите права;

## Користена литература


- Националната стратегија за Ромите во Република Македонија (усвоена од владата на РМ , 2005 )

# Ромите и нивната мотивација за вработување

# Вовед

Деведесетитте години од минатиот век во историјата се паметат по општествените промени во државите кои имаа социјалистичко уредување. По паѓањето на Берлинскиот ѕид сите земји на Југоисточна Европа се трансформираа во општества со демократско, повеќепартиско уредување. Република Македонија како дел од Југословенската Федерација исто така беше дел од овој процес. Трансформацијата освен на политички план подразбираше и трансформација и на економско-социјален план. Оваа трансформација предизвика промени во системите, кои требаа да понудат поголема партиципација на граѓаните и подобар животен стандард. Општествениот капитал се трансформира во приватен и од државна се премина во пазарна економија. Врз транзицијата на општествениот капитал во Република Македонија, кој беше под влијание на дневната политика, влијае и случувањата во регионот, пред се војните во поранешните југословенски републики, економските блокади од страна на Грција.

Република Македонија од осамостојувањето до денес имаше неколку промени во власта. Како клучни случувања од демократскиот начин на егзистирање на Република Македонија може да се потенцираат неколку настани и тоа: донесување на новиот Устав на Република Македонија, Охридскиот рамковен договор и децентрализација на локалната власт.

Во периодот на осамостојувањето, економијата се карактеризираше со висока стапка на инфлација со сите негативни карактеристики во економскиот систем, развојната, макроекономската и социјалната сфера. Се остваруваше непотребно долго рестриктивност во макроекономската политика која доведе од состојба на инфлација до стабилност, од вештачки одржувана стабилност до дефлација, а на политички план Владата беше фокусирана кон подобрување на меѓуетничките односи особено по конфликтот од 2001, кој предизвика застој во социо- економскиот развој на државата.

Сите податоци од осамостојувањето до денес покажуваат негативни тенденции во развојот на економијата и можностите за вработување (УНДП, 2004; УСАИД 2004; Државен Завод за Статистика, 2004). Следниот табеларен приказ го покажува движењето на невработеноста во периодот 2000 -2003 година ( Државен завод за статистика)

| 2000 г | 2001 г | 2002 г | 2003 г |
|---|---|---|---|
| 257 000 | 263 000 | 263 000 | 312 000 |

Вкупниот бруто домашен производ во 2004 година изнесуваше 5,4 милијарди долари а со тоа Република Македоније е на последно место во регионот на Западен Балкан. Од друга страна БДП по глава на жител е повисок во однос на земјите во регионот и изнесува 2.257 долари. Индексот на длабочината на сироматијата на сиромаштија се зголеми од 9% во 1994 година на 29,6% во 2004 година (Државен Завод за Статистика 1991 и 2004).

Невработеноста е посебен проблем и се повеќе се наметнува како фактор кој влијае врз стабилноста на државата. За социјалната положба на населението во Македонија, авторот на истоимената публикација вели: “високата стапка на невработеност укажува дека на една голема маса на луѓе им е ускратено учеството на пазарот на трудот. Структурата на невработеноста укажува дека партиципацијата главно е оневозможена на релативно млади и недоволно образовани лица...Така меѓу најзначајните извори на социјалната ексклузија се наоѓа масовната невработеност. Невработените се лишени од еднаквиот пристап до производството. Овој извор на социјална ексклузија нема иста специфична тежина во сите подрачја во Република Македонија затоа што степенот на невработеноста регионално е значително издиференциран” (Јакимовски, 2003; стр. 13).

Според извештајот на УСАИД од 2004 година, на пазарот на трудот може да се забележи пораст на бројот на невработени од година во година.

Податоците на Агенцијата за вработување на Република Македонија од 30 Април 2005 година, говорат дека вкупниот број на невработени изнесува 385.388 евидентирани лица, што изнесува околу 39% од вкупното работноспособно население во Република Македонија.

Владата во досегашниот период спроведуваше мерки за овозможување на предуслови за пазарна економија и подобра бизнис клима. Мерките воглавно беа спроведувани во делот на легислативата и подзаконските акти, додека во голема мерка изостана делот на анализа на потребите на одделни сегменти на стопанството. Во тој дел стопанствениците имаат забелешки дека не се консултирани и дека само одреден дел имаат можност за таква привилегија. Медиумите се погласно говорат за создавањето на “бизнис олигархија” која во голема мера е политизирана и влијае на политиката на Република Македонија.

Република Македонија во два наврати го реализираше Законот за поттикнување на вработувањето познат како “Бранков закон” кој што не ја подобри ситуацијата со вработувањето. Во моментот во процедура е носење на нов закон за работни односи. Правата на невработените лица се регулирани со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, кој се оценува како неефикасен поради тоа што не мотивира вработувања.

Во Република Македонија евиденцијата на невработените е овозможена преку локалните Агенции за Вработување, кои во досегашниот период имаа пасивна улога. Од јануари 2005 година нивните ингеренции се зголемени околу посредувањето за вработување, преквалификација и доквалификација на невработените.

Ромската заедница во Република Македонија според последниот попис од 2002 година брои 53.879 лица или 2.66% од вкупното население. Според Агенцијата за вработување, евидентирани се 16.740 невработени Роми, што изнесува 71,3% од вкупното работо способно население на Ромите. Ако се земе во предвид дека многу Роми не се регистрирани во Агенциите за вработување поради најразновидни причини (немање на документи, нередовно пријавување, незнаење) може да се претпостави дека оваа бројка е значително поголема. Како поткрепа на ова е аргументот што население од 2,66% од вкупната популација, троши 10% до 12% од фондот за социјална помош на национално ниво (Јаневски, 2004). Во јуни 2004 година вкупниот број на Роми корисници на социјална помош изнесувала 7.468 семејства (Бакева, 2004).

Типичното ромското семејство денес воглавно живее во заедница на три генерации, најччесто во субстандардни услови. Според истражувањето на УНДП од 2004 година, едно ромско семејство живее на просечни 12 м2, додека за не-ромските семејства, просечната квадратура е двапати поголема. Ваквите субстандардни околности се отежнувачки фактор во социјалниот развој, особено преку неповолното влијание врз децата во процесот на образование кој подоцна е генератор на многутте проблеми за вработување.

Агенцијата за вработување во својот извештај од 2004 го прикажува следниот број на невработени Роми евидентирани во Агенцијата, според образование односно квалификации: неквалификувани се 15.130, полуквалификувани се 392, квалификувани се 811, висококвалификувани нема, со средно стручно образование се 402 лица, со вишо стручно образование 9 лица, 20 се со високо образование, а нема магистри и доктори на науки. Вкупниот број на евидентирани невработени Роми во тој момент бил 16.764 лица.

Имајќи ја предвид севкупната лоша економска ситуација во државата и големиот број на невработени Роми, се отвараат прашањата:
• Дали Ромите се мотивирани за да работат?
• Што е тоа што ги мотивира Ромите да бараат работа?

Одговорот на овие две прашања треба да го потврди или пак негира распространетиот стереотип за тоа дека Ромите не сакаат да работат, кој генерира вековна предрасуда кон припадниците на ромската зедница воопшто.

Невработеноста на Ромите, од страна на институциите воопшто не е третирано како посебен проблем на оваа заедница. За целиот период не се покренати истражувања или анализи за потребите на ромската заедница. Од друга страна, меѓународниот фактор покажува особен интерес за проблемите и потребите на ромската заедница. Програмите кои досега ги третирале проблемите на ромската заедница индиректно го посочувале проблемот на невработеноста кај Ромите преку проекти за човекови права или образование. Државата и Европската комисија, иако во 2002 година го имаат донесено Цоунтрѕ Стратегѕ Папер, од кој подоцна произлегоа Мултиѕеар Индицативе План (Повеќегодишен индикативен план) и Националниот акционен план за вработување, во ниеден сегмент го немаат допрено проблемот на невработеноста на Ромите како група.

Во последните две години спроведени се истражувања кои се насочени кон потребите на ромската заедница, направени од УНДП, Советот на Европа и Европскиот центар за малцински прашања. Истражувањето од 2004 извршено од страна на Советот на Европа, конкретно се однесува на пристапот за вработување на Ромите. Во извештајот се наведени повеќе форми или начини со кои Ромите во Македонија обезбедуваат колку-толку некакви приходи за нивните семејства. Тоа се пред се работењето со традиционалните занаети како ковачи, јажари и музичари, потоа снаодливоста во самовработувањето со трговија и улично продавање. Ромите работат најниско профилирани работи коишто имаат ниска цена на пазарот на трудот. Во март 2004 за потребите на Ромскиот економски форум беше спроведено истражување за социо-економските проблеми и економскиот потенцијал на Ромите (Ромски економски форум, 2004). Главните заклучоци беа дека Ромите воглавно живеат од социјална помош и најголем број од евидентираните како невработени работат како продавачи на тезги или даватели на услуги.

Досегашните истражувања проблемот на невработеноста кај Ромите го опфаќаа во општи рамки. Често ги даваа причините за невработеноста во и надвор од ромската заедница, но без конкретни тематски анализи. Поради тоа нашиот тим реши да ги истражува конкретно мотивите за вработување кај невработените Роми.

## Методи на истражувањето

Истражувањето е направено во неколку фази и опфаќа три групи на испитаници: (1) вработени и невработени Роми со кои се спроведувани дискусии во фокус групи за проблемите со вработувањето и можностите за нивно надминување, (2) невработени Роми и (3) вработени во Агенциите за вработување, на кои им се задавани прашалници креирани за потребите на истражувањето.

Испитаниците од фокус групите беа бирани такашто се обезбеди хетерогеност во поглед на нивното образовно ниво, возраст и пол. Фокус групите беа одржани во 5 градови во Р. Македонија; Скопје, Куманово, Битола, Прилеп и Тетово.

Примерокот невработени Роми брои вкупно 382 испитаници (67% мажи и 33% жени) од следните градови: Скопје, Битола, Виница, Кочани, Гостивар, Кичево, Куманово, Прилеп, Тетово, Штип (Табела 1). Во однапред селектираните градови, испитаниците се намерно бирани, по системот “од врата на врата”, за да ги задоволат главниот критериум: да бидат невработени во периодот кога е правено истражувањето. Примерокот е хетероген во однос на степенот на образование на субјектите. Без образование се 17,8 %, со завршено основно образовение се 50,8 %, со завршено средно образование од 3 години се 12,8%, со средно образование оо 4 години се 13,4 %, со завршено вишо образование се 1,3 %, а високо образование имаат 3,9 % од испитаниците.

| Град | лица | % |
|---|---|---|
| Скопје | 148 | 38.7 |
| Кичево | 13 | 3.4 |
| Куманово | 31 | 8.1 |
| Штип Кичево | 35 | 9.2 |
| Битола | 32 | 8.3 |
| Прилеп | 47 | 12.4 |
| Тетово | 39 | 10.2 |
| Гостивар | 18 | 4.7 |
| Виница | 10 | 2.6 |
| Кочани | 9 | 2.4 |
| Вкупно | 382 | 100 |

*Табела бр. 1 Структура на примерокот според местото на живеење*

Примерокот од вработени во Агенциите за вработување се состои од 41 лице избрано по пригоден пат, во повеќе градови во Република Македонија (Скопје, Куманово, Битола, Прилеп и Тетово).

Прашалниците за невработени Роми и за Агенциите за вработување беа подготвени од членови на експертската група за вработување, откако се идентификува истражувачкиот проблем.

## Тек на истражувањето

Целиот процес е воден и спроведуван од Роми со Роми за Роми и за првпат овозможува видувања на Роми со одредена експертиза за овој проблем. Целата акција започна со спроведување работилница за одредување на приоритети на истражувањето. Од нив произлегоа истражувачкиот проблем, двата прашалника - еден за невработени Роми и еден за вработени во локалните Агенции за вработување, како и прашањата за фокус групите. Пред теренското истражување, врз основа на искуствата од пилот истражувањето се извршија корекции и се финализираа прашалниците.

Анкетирањето се одвиваше во текот на месец мај 2005. Претходно обучените анкетари го задаваа прашалникот низ директен контакт со испитаниците. Читањето на прашањата, понудените алтернативи и забележувањето на одговорите во најголем број случаи беше реализирано од страна на анкетарите. По потреба, на испитаниците им беа давани и дополнителни објаснувања на помалку познатите зборови, според однапред договорена процедура. Во срединитe каде што испитаниците подобро го владеат ромскиот јазик, анкетарите ја изведуваа целата постапка на ромски јазик. На испитаниците им беше загарантирана анонимноста.
Вработените во Агенцијата за вработување го пополнуваа прашалникот самостојно, исто така со гаранција на анонимноста на индивидуалните одговори.

При спроведување на дискусиите во фокус групите, на почетокот се бараше дозвола од учесниците тие да бидат снимани (за посигурна анализа на одговорите), како и да се напараат фотографии за документација.

# Резултати

## Резултати од истражувањето со невработени Роми

Најголемиот број испитаници се на возраст кога се на врвот на својата физичка и ментална работна способност: 54 % се помеѓу 26 и 45 години, 33 % се до 25 години, а над 45 години се 13 %. Дури 43,7% од испитаниците живеат во семејства[1] чиј вкупен месечен приход не е повисок од 3000 денари, а 35,3% располагаат со приход до 6000 денари (Табела 2). Повеќе од половината испитаници (56%) одговорија дека се корисници на социјална помош којашто е и главен извор на приходите.

1. Истражувањето на експертската група за здравство покажа дека најчест број на членови во ромските семејства е 4-5

| | лица | % |
|---|---|---|
| од 1000-3000 ден | 167 | 43.7 |
| од 300-6000 ден | 135 | 35.3 |
| над 6000 ден | 75 | 19.7 |
| без одговор | 5 | 1.3 |
| Вкупно | 49 | 100 |

*Табела бр. 2 Просечни месечни примања во семејствотло*

Најголемиот број од испитаниците не се невработени само во моментот додека се одвиваше истражувањето. На прашањето дали досега некаде сте работеле, 70, 7% од испитаниците одговорија дека немале воопшто таква можност. Поголемиот дел од оние кои порано работеле, изјавиле дека тоа било во приватна фирма (Табела 3).

| | лица | % |
|---|---|---|
| никаде не сум работел-а | 270 | 70.7 |
| јавно пртпријатие | 43 | 11.3 |
| приватна фирма | 69 | 18.0 |
| Вкупно | 382 | 100 |

*Табела бр. 3 Каде сте работеле досега?*

Една од целите на нашето истражување беше да се изнајдат постоечките профили кои се јавуваат меѓу Ромите стекнати преку формално или неформално образование. Најчесто, меѓу испитаниците коишто завршиле тригодишно средно образование, се среќаваат следниве професионални профили: трговци (16,3%), текстилци (14, 3%) и металци (12,3%), а останатите 57,1% од испитаниците припаѓаат на други различни професионални профили. Од оние со четиригодишно средно образование, најчесто се среќаваат техничари, економисти и медицинари.




*График 1. Дали знаете да работите некој занает?*

Прашани за тоа кој занает знаат да го работат, 35,6% од испитаниците изјавија дека не знаат ниту еден. Најголем број од испитаниците кои се изјаснија дека знаат да работат занает, посочија дека знаат да работат како трговци (График бр. 1)

На Графикот бр. 2 може да се види колкав процент од испитаниците никогаш не работеле досега (71%), како и колкав процент од тие кои работеле досега некаде, работеле на физичка, а колку на интелектуална работа.




*График 2. Што сте работеле досега / на кое работно место?*

На Графикот бр. 3 може да се види процентот на испитаници кои изјавиле дека редовно се пријавуваат во Агенција та за вработување.




*На Графикот бр. 3 може да се види процентот на испитаници кои изјавиле дека редовно се пријавуваат во Агенцијата за вработување.*

На Табелата бр. 4 е прикажан временскиот период во кој испитаниците се пријавуваат во Агенцијата за вработување. Најголемиот процент од нив (38,2%) изјавиле дека се пријавиле пред повеќе од 6 години од актуелниот момент.

| | лица | % |
|---|---|---|
| од пред 1-2 години | 50 | 13.1 |
| од пред 3-4 години | 36 | 9.4 |
| од пред 5-6 години | 45 | 11.8 |
| во период над 6 години | 146 | 38.2 |
| не се сеќаваат | 65 | 17.0 |
| не сакале да се изјаснат | 40 | 10.5 |
| Вкупно | 382 | 100 |

*Табела 4. Од кога се пријавувате во Агенцијата за вработување?*

Анализата на резултатите покажа дека од испитаниците кои се пријавуваат редовно во Агенцијата за вработување, дури 30,9 % чекаат за работа повеќе од 6 години.




*График 4. Дали некој до сега Ви понудил работа*

На Графикот бр. 4 се прикажани резултатите добиени во врска со можните понуди за работа. На огромното мнозинство испитаници (77, 23%) работа не им понудил никој, а на мал број им било понудено работа од пријатели, Агенцијата за вработување, граѓански организации, јавни претпријатија или бизнис секторот.

Во наредните Табели (бр. 5, 6 и 7) се прикажани наодите во врска со перцепцијата на испитаниците за тоа колку сметаат дека можат да се вработат преку конкурс, пријатели/роднини или невладини организации.

| | лица | % |
|---|---|---|
| Не | 239 | 62.6 |
| Да | 143 | 37.4 |
| Вкупно | 382 | 100 |

*Табела бр. 4 Сметате ли дека може да се вработите преку конкурс/оглас?*

|  | лица | % |
|---|---|---|
| Не | 278 | 72.8 |
| Да | 104 | 27.2 |
| Вкупно | 382 | 100 |

*Табела бр. 5 Сметате ли дека може да се вработите преку пријатели/ роднини?*

|  | лица | % |
|---|---|---|
| Не | 344 | 90.1 |
| Да | 38 | 9.9 |
| Вкупно | 382 | 100 |

*Табела бр. 6 Сметате ли дека може да се вработите во НВО?*

Интересно е да се забележи дека кај мнозинството испитаници мала е вербата дека било која од понудените опции може да има позитивен резултат за решавање на прашањето во врска со нивната невработеност. Најголема довербата е сепак (37,4%), дека вработувањето може да се оствари преку конкурс/ оглас, наспроти стереотипот кој владее во оваа средина дека до работно место најлесно се доаѓа преку пријателски односно роднински врски.




*График 5. Што ве мотивира да барате работа?*

Прашани за главната причина поради која бараат работа (График 5), испитаниците најчесто ја наведуваа лошата економска состојба (74,9), но не е мал ни процентот на лица кои се мотивирани од желбата за работа (14,1%).




*График 6. Каква обука би сакале да добиете?*

На Графикот бр. 6 се изнесени податоци за тоа како се изјасниле испитаниците во однос на потребите за организирање и спроведување дополнителни обуки за нивно поуспешно вработување. Прашани за тоа каков вид каков вид обуки им се потребни, речиси половината од испитаниците (46%) сметаат дека најадекватно би било да добијат обука за совладување различни вештини. 15% би прифатиле било каква обука, а 20% не се заинтересирани.

На прашањето: Што би вложиле за да се вработите, најголем процент од испитаниците одговорија дека би вложиле вештини (57%) а најмалку би вложиле време (25%) материјал/опрема (9%) и пари (9%). (График бр. 7)




*График 7. Што би вложиле за да се вработите?*

На прашањето: Дали сакате да започнете да водите сопствен бизнис? 56,0% од испитаниците одговориле позитивно. Од нив, 35,9% одговорија дека сакаат да работат како трговци (Табела бр. 7). Одговорите на ова прашање кореспондираат во голема мерка со изјаснувањата на испитаниците во врска со вештините и знаењата кои ги имаат.

| | лица | % |
|---|---|---|
| Не сакале да се изјаснат | 168 | 44.0 |
| Трговец | 137 | 35.9 |
| Ковач/бравар | 3 | 0.8 |
| Фризер | 8 | 2.1 |
| Угостител | 7 | 1.8 |
| Друго | 59 | 15.4 |
| Вкупно | 382 | 100 |

*Табела бр.7 Каков бизнис би сакале да започнете да водите?*

## Резултати од истражувањето на вработените во Агенциите за вработување

На прашањето дали Ромите редовно се пријавуваат во Агенцијата за вработување, 78% од испитаниците сметаат дека тие тоа воглавно го прават, а 22% од вработените се изјаснија дека некои се редовни а некои не се редовни во пријавувањето (График бр.8).




*График 8. Дали Ромите се пријавуваат во бирото за вработување?*

Во однос на тоа кои образовни профили од ромската заедница повеќе бараат работа, ги добивме следните резултати: 44% од испитаниците тврдат дека најмногу бараат работа Ромите без образование, 44% од испитаниците велат дека најмасовно бараат работа Роми со основно образование, а само 10% велат дека тоа се лица со средно образование. Останатите 2% од вработените одговориле дека не знаат за таков податок.

На прашањето дали Ромите учествуваат на обуки кои Агенцијата ги спроведува или организира, го добивме следно гледиште: само 5% се изјасниле дека невработените Роми не доаѓаат воопшто, 3% дека не знаат, 29% истакнале дека Ромите доаѓаат но немаат посебен интерес. Четириесет и шест проценти од испитаниците се изјасниле дека Ромите доаѓаат само ако се поканети, а 17% сметаат дека Ромите покажуваат особен интерес за учество на такви обуки (График бр. 9).




*График 9. Дали Ромите учествуваат на обуки за преквалификации?*

Во однос на тоа кои се главните причини поради кои се одбиени Ромите од огласите за вработување, вработените во локалните Агенции за вработување како причина го истакна несоодветно образование (61%), 22% сметаат дека тоа зависи само од личниот избор на работодавецот, 12% причината ја гледаат во неинформираноста на Ромите, а останатите 5% навеле други причини.

Повеке од половината од вработените или 59% сметаат дека ако се користи афирмативен пристап кон претставниците на невработените од ромската заедница ќе се подобри ситуацијата, 36% сметаа дека нема да се подобри ситуацијата а само 5% сметаат нешто друго или не се сигурни (График бр.10).




*График 10. Дали мислите дека ќе се подобри ситуацијата ако се користи позитивна дискриминација?*

На прашањето дали на вработените во локалните Агенции за вработување им треба некаква помош во врска со вработување на невработените припадници на ромската заедница, 41% сметаат дека им треба помош, 49% дека не им треба и дека можат сами, а 10% не знаат дали им треба или не. Запрашани за тоа каква помош би била најсоодветна, лицата кои се изјасниле дека им потребна помош, ги дадоа следните одговори: 61% не знаат во моментот конкретно, 12% сметаат дека им се неопходни информации, 3% сметаат дека им треба помош преку адекватни дообуки, а 24% се изјаснија за нешто друго кое не беше релевантно во контекст на прашањето.

## Резултати од истражувањата на фокус групите

Во работата на фокус групите кои се спроведоа во градовите, Скопје, Битола, Прилеп, Куманово и Тетово учествуваа вкупно 54 Роми од различни образовни профили, пол и возраст.

На прашањето кои според нив се причините за невработеноста кај ромската популација во Република Македонија се истакнаа: недоразбирањата меѓу самите себе, дискриминација од страна на работодавците, стереотипи и предрасуди кон Ромите, неорганизираност на Ромите, недоследно спроведување на Рамковниот договор, неприсутност на места каде се одлучува за да се помогне, немање образован кадар, политичко влијание, неинформираност и сеопшта лоша економска состојба.

На прашањето што Ромите можат да понудат на пазарот на трудот, учесниците истакнаа дека невработените Роми во моментот можат да понудат работа на нива како аргати, дрвосечачи, музичари, трговци, шивачи, столари, градежни работници и хигиеничари. Исто така се истакна дека ромската заедница засега не може да понуди доволно кадри со поголема квалификација и образование. Меѓу другото се потенцира и дека има мал број на високо образовани кадри и кадри со средно образование.

Разговарано беше и за тоа што ги мотивира Ромите да бараат да се вработат. Испитаниците во најголем број сметаат дека мотивацијата е пред се во економската егзистенција, подобар живот, обезбедување средства во семејството, но сепак се истакна дека на некои им е важна кариерата и бараат работа за да се докажат пред заедницата.

На прашањето што мислат дека се фактори кои влијаат врз можностите за вработување на припадниците на ромската заедница, испитаниците истакнаа дека Ромите мора да се свртат кон себе и со отворање на фирми да придонесат за вработување на Ромите. Здруженијата на граѓани, државните институции, локалната самоуправа, и ромските политички партии исто така се сметааат за клучни фактори. Но, како фактори полека, но сигурно се наметнуваат и случувањата на теренот на локално и глобално ниво и тоа: Декадата за инклузија на Ромите и Националната стратегија за Ромите. На крај се заклучи дека промените треба да се реализираат преку организирано делување, пристап до информации, повеќе обуки за преквалификации, отворање на мали и средни претпријатија и намалување на сивата економија.

# Дискусија

Податоците и информациите добиени од нашето истражување покажуваат дека од различните групи испитаници добивме одговори коишто во најголема мера се совпаѓаат. Во тој смисол, нашето истражување дава приближно исти резултати со времето на чекање (пријавување) за работа, образовното ниво на невработените, возраст, како и редовноста во пријавувањето во локалните Агенции за вработување.

Тргнавме од тоа да дознаеме дали ромската популација во Македонија сака и бара работа, спротивно на предрасудата дека Ромите не сакаат да работат. Знаејќи дека заработувачката е основен мотив за секој поединец, ова истражување понатаму имаше за цел да ги осознае специфичните потреби на ромската заедница во делот на вработување, односно дали доминантните ставови и однесувањата на Ромите се адекватни за соодветно справување со проблемот на невработеноста.

Од вкупно 382 испитаници, 378 се изјасниле дека сакаат да се вработат, а од нив, 75% пред се поради потребата за опстанок на нивните семејства. Многу е јасно дека Ромите во Македонија имаат потреба за работа, затоа што преку работа тие сакаат да бидат економски независни и рамноправни граѓани во системот. Сепак, останува фактот дека и покрај тоа, ромската популација и натаму е заедница кај која проблемот на невработеност е најизразен.

Сметаме дека оваа ситиуација може да се интерпретира како последица на дејствувањето на повеќе фактори: како внатрешни така и надворешни.
Внатрешни фактори

Посебно загрижувачки е високиот број одговори за лошата економска состојба на ромските семејства. Скоро сите дискусии, кога е во прашање мотивацијата за вработување, се сведуваат на егзистенцијата на семејството. Во овој контекст приоритет се дава на заедницата а не на поединецот, што не е ни зачудувачки ако се земе предвид традицијата и културата на овие простори. Кај младата популација постојат поединци кои се насочени кон постигнувања во личната кариера и тоа е појава кај оние со поголем степен на образование.

Светските искуства покажуваат дека сиромашните слоеви имаат потешкотии со практикувањето на демократијата, поради оптовареноста со секојдневни егзистенцијални проблеми. Јакимовски во објавените трудови од научниот собир оддржан во Скопје 2000-та година ова го тоа го илустрира со цитатот на Липсет: “долните слоеви се политички апатични, крути, со конзервативни гледања на политичките прашања, подлегнуваат на влијание на ектремните религиозни секти и пружаат отпор на демократските институции” (Липсет,

1969:15; според Јакимовски 2000:16). Разбирливо е дека поради долгата исклученост и маргинализираност Ромите не успеваат да излезат од кругот на проблеми кои се тесно поврзани еден со друг. Во тој контекст сеуште е предизвик да се открие каде е лоциран отпорот на Ромите; дали тој е сеуште во внатрешните односи во ромската заедница или пак полека почнува да се манифестира кон системот. Од тука произлегува и дилемата од кој приоритет да се стартува за ефикасна разврска на јазолот на проблемите - дали од обезбедување подобро образование или помасовно вработување. За соодветно образование е потребна адкекватна економска моќ, што значи вработеност или приходи во семејството, а и обратно - за компетентност и конкурентност на пазарот на труд потребно е соодветно образование.

Образованието е еден од клучните фактори кое се јавува како проблем кај ромската популација и кое ги прави да не се конкурентни на пазарот на труд. Семејствата кај ромската заедница не се економски доволно ситуирани да им понудат на децата поквалитетно школување а ситуацијата е толку лоша што и најосновните потреби на еден ученик не можат да се задоволат. Иако во последната година има иницијативи на давање на стипендии, резултатите би можело да се очекуваат само на подолг период. Не е бенигна ни појавата која додатно ја отежнува позицијата во ромската заедница - децата уште во моментот кога треба да се профилираат во средните училишта се упатуваат во понеатрактивните школи кои произведуваат послабо продуктивни и неатратктивни кадри за пазарот на труд.

Неконкурентноста на пазарот на труд е во голем дел пречка за нормално вработување на Ромите. Станува збор за фактори врз кои треба ургентно да се превземат мерки за да се изменат. Проблемот не може да се реши изолирано и само од страна на Ромите, туку со вклучување на сите релевантни меѓународни и домашни фактори. Дури 88% од вкупниот број работоспособни Роми се со ниска стручна спрема и без одредени квалификации-нивното учество на пазарот на трудот е далеку од конкурентно. Одвај десетте проценти кои имаат завршено средно образование немаат доволна моќ да предизвикаат одредена општествено-социјална промена која ќе може да се забележи во реалниот живот кај Ромите.

Не може да се пренабрегне и појава на непочитување на законите од страна на работодавците или пак неефикасноста на тие закони за да се подобри ситуацијата со невработеноста. Дискусиите во сите фокус групи јасно и недвосмислено потврдија дека Ромите лесно прифаќаат друг да ги дикриминира и во моментот чувствуваат дека тоа така требало да биде, а од друга страна пак, и кога сакаат да се справат со дисриминацијата немаат моќ, пари и доверба во институциите за да одат до крај со процесот.

Појавата на вработување на база на етничка припадност или врз основа на фамилијарна припадност е појава која уште повеќе ги намалува шансите за вработување на Ромите[2]. Посебен е проблемот со вработувањето на база на национална припадност а тоа е последица која се појавува од низата на социолошки, културни, традиционални а во последно време и од политички причини. Не се ретки и појави кои можат да се карактеризираат како дискриминаторско однесување кога се работи за вработување на Ромите. Овие појави сепак вешто се кријат позади несоодветноста на легислативата или работењето на институциите. Во последно време има и отворени настапи кои јасно кажуваат дека поради низа причини работодавците не сакаат да вработуваат Роми. Уште полошо, во одредени моменти во заедницата се чувствува и појавата на самодискриминација[3] или пак сфаќањата кои државата ја ставаат како апарат на репресор а не како апарат на давател на услуги на граѓаните. Во дискусиите на фокус групите е потврдено дека има доволно свесност за потреба за акција која треба да се насочи кон решавањето на проблемите во ромската заедница.

Недовербата кон системот и во самата ромска заедница ја отежнува и ги намалува шансите за интегрирање на Ромите. Подолого време се настојува да се приближат ставовите помеѓу постојните ромски структури за заедничко лобирање, но има доста проблеми. Помош досега нуделе многу домашни и надворешни посредници, но сепак не е направено многу во ова поле.

Анкетата покажува дека Ромите кои претходно биле вработени во најголем процент работеле физичка работа (79.1%), а само 20.9% работеле интелектуална работа. Од ова произлегуваат размислувања во две можни насоки: а) на пазарот на трудот повеќето Роми во моментот нудат само физичка работна сила или б) работодавците ги бараат Ромите само за вршење на физички или едноставни работи. Оваа дилема е прашање која заслужува посебно внимание и натамошно истражување.

## Надворешни фактори

Ромите немаат соодветни организациски структури за да активно се вклучат во општествено-економската трансформација на системот. Може да се констатира дека тие како група не влијаеа во одлучувачки моменти

2. Во Република Македонија сеуште постои појава на полесно вработување врз основа на роднински или пријателски врски, или преференција на работник кој припаѓа на иста етничка група како и работодавецот.

3. Под поимот самодискриминација, сакаме да ја опишеме следнава појава: како последица на интернализација на негативниот стереотип кој средината го има за Ромите, тие однапред се откажуваат од барање работа, бидејки се уверени дека во оној момент кога ќе се дознае нивната етничка припадност, ќе ја загубат можноста да бидат примени на работа. Од тие причини, голем број поединци не се ни обидуваат да конкурираат за работа, особено не за атрактивни работни места.

врз случувањата во државата. Од друга страна, мора да се потенцира дека транзицијата произведе многу невработени и ја зголеми сиромаштијата, а со тоа ја влоши состојбата на ионака претходно сиромашните Роми. Како најсиромашен слој граѓани, Ромите не можат да се справат со институционалната негрижа, политичката и институционална корумпираност и скриена дискриминација. Тоа се главните фактори со кои Ромите немо се соочуваа во текот на 15-годишната транзиција, без позначителни напори за отпор. Во овој контекст политичките и граѓанските организации делуваат неорганизирано врз мотивацијата на Ромите и нивното охрабрување за барање излез од ваквата ситуација. Постојат одредени иницијативи кои се локални или краткорочни и на подолг период даваат многу малку резултати. Тоа е поради дисконтинуитетот на мерките кои зависат од странски фондови, врз кои пак граѓанските организации не влијаат во процесот на планирање и одлучување.

Од анкетираните во локалните Агенции за вработување се добива впечаток дека дел од Ромите не се пријавуваат редовно, па се поставува прашањето каде е вистинскиот проблем за тоа. Повторно е очигледно дека најголем проблем е необразованоста која влијае врз можноста за остварување на личните права и користење на можностите во системот. Исто така може да се констатира дека Агенциите за Вработување имаат неадекватно информирање и посредување во процесот на барање на работа. Загрижувачки е бројот од 22 % на вработени во локалните Агенции за вработување кои воопшто не се заинтересирани дали Ромите се пријавуваат или не се пријавуваат. Улогата на локалните Агенции за вработување од оваа година е изменета, односно имаат поактивна улога во посредувањето, преквалификувањето и доквалификувањето на невработените, но барем засега, тоа не се рефлектира со видливи промени во ромската заедница.

Јасно е дека Ромите сеуште се борат со стереотипи, предрасуди и дискриминација во околината, од другите со кои живеат. Сите случувања од минатото имаат силно влијание врз денешната ситуација. Ставовите на Ромите се дека на ова поле државата е таа која треба да обезбеди афирмативни мерки за вклучување во општествениот живот. Сите сметаат, а и самите вработени во Агенциите за вработување, дека ако се преземат афирмативни мерки во поголема мера дека ќе се подобри ситуацијата.

Локалните агенции во суштина како и сите државни агенции се уште немаат создадено навика да соработуваат со заедницата. Потребата од соработката со заедницата посебно кај вакви ранливи групи е неминовна и препорачлива. Затоа, потребно е да се лобира до вработените за на одреден начин да се подобри ситуацијата.

# Користена литература


- Бакева, А. (2004) Конференција за економските права на малцинствата, МРГ, Брисел
- Извештај на Државен завод за статистика на Република Македонија, од 1991, www.stat.gov.mk
- Извештај на Државен завод за статистика на Република Македонија, од 2004, www.stat.gov.mk
- Извештај од Агенција за вработување на РМ , 2004, www.zvrm.gov.mk
- Извештај на УНДП, 2004 (UNDP- Macedonia. pdf.)
- “Report on Roma Access to Employment “, Council of Europe, 2004
- ECMI “Toward regional guidelines for the integration of the Roms”, февруар 2004
- Labour Force Survey 2004, Скопје: УСАИД,
- Јаневски. А. (2004) Конференција за финализација на Акционите планови за Декадата на Ромите, Охрид, извештај
- Јакимовски, Ј. (2001) Структурни тенденции на сиромаштијата. Во Јакимовски, Ј. (ур.). Тенденциите на сиромаштијата и можностите за нејзино намалување, Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 11-21
- Јакимовски, Ј. (2003). Сиромаштијата и фрагментацијата. Во Јакимовски, Ј. (ур.). Социјална положба на населението во Република Македонија, Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 23-33
- Facilitating the Transition of the Macedonia Workforce to Productive, Market-Appropriate Employment.(2002). Macedonia Labor Market Assessment, USAID – Macedonia
- Социо-економската положба на Ромите во Република Македонија (2004), Ромски Економски Форум

# Вакцинацијата и некои навики кои влијаат врз здравјето на Ромите

# Вовед

Здравјето е една од основните потреби на човекот. Здравјето е услов за успешно функционирање на индивидуата во општеството и предуслов кој придонесува човекот да биде среќен во текот на својот живот. Уживањето на највисоко можниот стандард на здравје е право на секое човечко суштество без разлика на верата, расата, полот, политичкото уверување, економскиот и социјалниот статус.

Медицината во целина го следи развојот за сфаќањето на здравјето, и почнувајќи уште во минатото па така и денес, се прават напори здравјето целосно да се објасни, така што денес според Светската Здравствена Организација (СЗО), здравјето е дефинирано како состојба на потполна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест и неспособсбност.

Со оваа дефиниција јасно се укажува на фактот дека покрај физичкото и менталното здравје и социјалната благосостојба е еден од основните елементи на здравјето. Тоа значи дека за одржување на здравјето е потребно во исто време да се одржува рамнотежа помеѓу физиолошките процеси во човековиот организам и околината, поточно семејството, заедницата и воопшто државата во која живее човекот.

Политичките случувања во последниот период и лошите економски состојби во Република Македонија, се причината која оневозможуваше да се стави акцент за подобрување на здравствениот систем во државата, што директно влијае и врз лошата здравствена состојба кај населението во целина, а особено кај ранливите групи во општеството, меѓу кои се и Ромите.

Кога зборуваме за здравствената состојба на Ромите во Република Македонија, треба да се имаат предвид определени специфичности кои се разликуваат од генералната националната слика за здравствената состојба во државата, а тоа пак произлегува од лошите социо-економски услови во кои живеат Ромите, нискиот степен на образование, а воедно и големата стапка на невработеност. Сите овие причини всушност доведуваат до влошување на здравјето кај Ромското население во Република Македонија.

Но, освен тоа, неповолната здравствена состојба кај Ромите е условена директно и индиректно и од самата култура и од историските навики и обичаи и стилот на живот на самото ромско население.

Еден од важните чинители за влошувањето на здравствената состојба на ромското население е намалувањето на државната помош во оваа област за невработените лица и, исто така, емиграцијата. За време на транзиција

во Република Македонија, голем број на ромски семејства ја напуштија земјата во потрага за подобар живот,  но со репатријацијата голем дел од нив се вратени повторно назад во своите куќи. При тоа голем број од нив се избришани од евиденцијата на Агенцијата за вработување и го изгубија правото на лекување. Од друга страна пак новиот начин на евидентирање на невработените кој условува навремено пријавување во Агенцијата за вработување се јавува како проблем бидејќи голем број  од Ромите  не се пријавуваат на закажаниот термин, и поради тоа тие го губат правото на пријавување, а со тоа и здравственото осигурување и сините картони во рок од две години.

На сличен начин е погодена и здравствената состоја на децата. Според законот грижата за здравјето на децата до 18 години е обврска на родителите, кои пак поради потешкотиите во потрага за секојдневна егзистенција не се во можност да обрнат поголемо внимание на психо-физичкиот развој на своите деца. Ова подоцна резултира со влошување на нивната здравствената состојба. Поради недоволната вклученост на ромските деца во редовниот образовен процес, недостасува системско следење на нивното здравје (вакцинации, системски прегледи), а тоа резултира, исто така, со исклучување на ромските деца од редовната превентивна програма, што подоцна се одразува врз нивното здравје.

## Цели на истражувањето

Сите горе наведени причини се само дел од проблемите со  кои, на планот на здравјето, се соочува Ромското население во Република Македонија. Тие имаат големо влијание врз лошата здравствена состојба на оваа население, а особено влијаат на здравствената состојба на децата.

Според истражувањето на УНИЦЕФ (1996г.), морталитетот кај Ромските деца е два пати поголем отколку кај другите етнички групи.
Ваквите сознанија за здравствената состојба на ромското население во Република Македонија која доста се разликува од останатото население, сами по себе алармираат за навремено превземање на соодветни мерки кои превентивно би делувале во спречување за  влошувањето на здравствената состојба кај Ромскиот народ.

Експертската група (ЕГ) за Здравство при Европскиот Центар за Малцински Прашања, дојде до заклучок дека преку правилен приод кон проблемите, поточно преку темелно истражување на проблемите, за кои потоа ќе се превземат соодветни мерки, може се подобри здравствената состојба на Ромите во Република Македонија.

Затоа како прво ЕГ Здравство се реши да преземе истражување во кое ќе се согледа состојбата со вакцинацијата на ромските деца и нејзината поврзаност или условеност од некои навики во исхраната, грижата за личното здравје и почестите заболувања кај ромската популација.

Освен неколку помали истражувања од страна на некои невладини организации, досега не постојат позначајни истражувања за Ромите во областа на здравството. И Јавната здравствена организација Републички Завод за Здравствена Заштита, каде се слеваат податоците од здравствените установи за вакцинацијата и здравјето на заедницата, не поседува податоци кои се однесуваат посебно за Ромската популација во Република Македонија. Според податоците во 2004 год е извршена имунизација на 95,28 % деца.

Во едно истражување подржано од УНИЦЕФ, каде меѓу другото делумно е истражувано и за здравјето и вакцинацијата кај Ромите во Република Македонија се наведува податокот дека мајките не го познаваат распоредот на вакцините (Алоуи и др. 1999). Само 9,3 % го знаеле приближното време на вакцинацијата против сипаници. Истражувањето покажува исто така дека дури кај 38,7 % од испитаните Роми се застапени заболувања слични на пневмонија кај децата во текот на првиот месец. Ова се должи на повеке фактори меѓу кои се наведува квалитетот на животниот простор и загаденоста на воздухот.

ЕГ за здравство не пронајде други податоци за тоа дали и колку редовно се вакцинирани ромските деца, кои болести се почести кај ромската популација и нивните навики во исхраната. Во таа смисла ова истражување е прво од таков вид. Неговата цел е да се сознаат некои навики кај Ромите и состојбата во врска со вакцинацијата кај децата, како и да се откријат и можните причини за појавата на некои болести.

Добиените податоци би можеле да послужат за понатамошни посистематични истражувања, но и за креирање на стратегии, односно акциони планови во невладините организации или владини институции кои би помогнале за подобрување на здравствената состојба, а воедно би овозможиле и поуспешна интеграција на Ромскиот народ во Република Македонија.

# Методи

### *Испитаници*

За да обезбеди репрезентативност на примерокот, испитани се 400 семејства односно 800 испитаника во 10 града каде престојуваат и живеат поголем дел од Ромите (Табела. бр. 1).

| Град | Бр. на испитани | Вкупно испитани | % |
|---|---|---|---|
| Битола | 32 | 64 | 8.0 |
| Виница | 12 | 34 | 3.0 |
| Гостивар | 20 | 40 | 5.0 |
| Кичево | 16 | 32 | 4.0 |
| Кочани | 12 | 24 | 3.0 |
| Куманово | 40 | 80 | 10.0 |
| Прилеп | 40 | 80 | 10.0 |
| Скопје | 172 | 344 | 43.0 |
| Тетово | 28 | 56 | 7.0 |
| Штип | 28 | 56 | 7.0 |
| Вкупно | 400 | 800 | 100 |

*Табела 1. Структура на примерокот по градови*

Анкетниот прашалник, кој е составен од два дела, беше предвидено по можност на првиот дел да одговори мајката, а на другиот дел таткото. Но поради честото отсуство на таткото, почесто одговараше мајката. Така, во вкупниот број испитани 474 се мајки, а во 326 татковци. За потребите на ова истражување од полето на здравството, испрашувани се родители кои имаат деца до 18 годишна воздраст. Притоа и првиот и вториот дел на прашалникот вкупно го одговорија по 400 испитаници ( вкупно 800).

Со анкетата беа зафатени вкупно 400 семејства, кои вкупно бројат 2173 лица, во просек по 5.43 членови во едно семејство. На возраст до 18 години вкупната бројка изнесуваше 959 деца, а пак 63,3 % од вкупниот број на семејства се состоеше од 4, 5, односно 6 членови.

### *Мерни инструмент*

Прашалникот со кој се прибираа податоците, претставува основен инструмент за потребите на ова истражување. Истражувањето е изведено преку анкетен прашалник кој е изработен од Експертска Група за Здравство при Европскиот Центар за Малцински Прашања – Скопје.

Самиот анкетен прашалник е составен од два дела. Првиот дел се однесува на вакцинацијата кај децата а другиот дел за некои навики во семејството во врска со исхраната, условите за живеење, инфраструктурата и болести поврзани со условите на живеење. Прашалникот е составен од 47 прашања. На почетокот 10 прашања се за општи податоци, следните 10 прашања се однесуваат за вакцинацијата од кои 5 го мерат ставот на родителите кон

вакцинацијата на децата. Во вториот дел првите 10 прашања се однесуваат на социо - економските услови и инфраструктурата, а следните 7 на навиките во исхраната. Останатите 9 прашања се однесуваат на здравствените аспекти и индикатори кои соодејствуваат на состојбите во ромското семејство.

### *Постапка*

Истражувањето беше спроведено во текот на месеците мај и јуни 2005 година. Се истражуваше по случаен избор односно се посетуваа семејства од левата страна на улицата и секоја трета куќа по ред. Во случај во посетената куќа не беа присутни родителите или пак тоа семејство да немаше деца до 18 годишна воздраст, тогаш се посетуваше куќата до неа. За оние лица кои сакаа сами да го пополнат анкетниот прашалник, тоа им се овозможуваше. Но такви случаи беа само во незначителен број. Најчесто прашањата ги читаше анкетарот и му се нудеа одговори на испитаникот при што тој бираше еден од можните понудени одговори.

Анкетарите кои работеа на ова истражување се Роми. Во средините каде испитаниците го зборуваа ромскиот јазик, целата постапка се одвиваше на ромски јазик. За време на анкетирањето истражувачите се состануваа за да го споделат искуствата за време на истражувањето.
Истражувачите се Роми со цел да се зајакне локалниот истражувачки капацитет, а воедно и поради ромскиот јазик кој е поразбирлив за целната група.

# Резултати

## Вакцинацијата кај Ромските деца

Истражувањето покажа дека мнозинството деца редовно примаат вакцини, но сепак скоро една четвртина тоа не го прави редовно, а 7.4% не примиле воопшто вакцина (Табела 2).

Треба да се земе во предвид и големиот број на нередовно вакцинирани деца. Од вкупно 959 деца, нередовно се вакцинирани дури 203 деца односно 21,2 %, што преставува многу голем број. Кога на овој процент ќе му се додаде и процентот од 7,4 % невакцинирани деца, тогаш се добива еден алармантен број од 28,6 % на нередовно вакцинирани односно невакцинирани ромски деца.

| Вакцините ги примал | Број на деца | % |
|---|---|---|
| Редовно | 685 | 71.4 |
| Нередовно | 203 | 21.2 |
| Непримал | 71 | 7.4 |
| Вкупно | 959 | 100 |

*Табела 2. Редовност на ванцинацијата*

Освен нередовноста на вакцинацијата и значајниот процент на невакцинација, истражувањето, исто така, покажува дека околу една третина од испитаниците имаат погрешна претстава за целисходноста на вакцинацијата. Ако на овој процент се додаде и процентот на испитаници кои одговориле дека не знаат зошто служи вакцината, тогаш се доаѓа до загрижувачки 42 % од мајките кои или се во заблуда за тоа зошто служи вакцинацијата или воопшто не знаат (Табела 3).

| Зошто служи вакцинацијата | Одговор | % |
|---|---|---|
| Лечи зарази | 86 | 21.5 |
| Лечи болести | 34 | 8.5 |
| Спречува болести | 232 | 56.0 |
| Не знам | 48 | 12.0 |
| Вкупно | 400 | 100 |

*Табела 3. Намена на вакцината*

При вкрстување на податоците за намената на вакцинацијата со редовноста на примањето на вакцинацијата, (Табела 4) се покажува дека, мајките кои одговориле дека незнаат зошто служи вакцината само во 50 % редовно ги вакцинираат своите деца, додека тој процент на редовно вакцинирани деца кај мајките кои сметаат дека вакцината спречува зараза изнесува 81.3%, а пак 73.4% кај мајките кои сметаат дека вакцинацијата спречува болести.

Овој податок укажува на фактот дека кај  мајките кои незнаат зашто служи вакцинацијата најмал е процентот (%) на редовно вакцинирани деца.

| Зошто служи вакцинацијата | Дали досега вашите деца ги примиле сите вакцини ? | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | редовно | нередовно | не примил | |
| Спречува зараза | 156<br>81.3% | 31<br>16.1% | 5<br>2.6% | 192 |
| Лечи болест | 55<br>72.4% | 16<br>21.0% | 5<br>6.6% | 76 |
| Спречува болест | 403<br>73.4% | 115<br>21.0% | 31<br>5.6% | 549 |
| Не знам | 71<br>50.0 | 41<br>28.9% | 30<br>21.1% | 142 |
| Вкупно | 685 | 203 | 71 | 959 |

*Табела 4. Намената на вакцинацијата и редовноста на примањето*

Условеноста на односот кон вакцината со знаењето за нејзината намена е тесно поврзана со нивото на образование на мајките. Во таа насока, податоците покажуваат дека испитаниците кои не ја знаат намената на вакцината во основа се со пониското ниво на образование или неписмени. Така, на пример, испитаниците без основно образование покажуваат двојно повисока нередовност во вакцинирањето на децата во споредба со испитаниците со основно образование и десет пати повисока нередовност во споредба со испитаничките со средно образование (Табела 5). Овој податок ни кажува дека е тесно поврзан степенот на образование кај мајката со  вакцинацијата на нивните деца.

| Ниво на образование на мајката | Мајки | Дали Вашите деца досега ги примиле сите вакцини ? | | | Вкупно деца |
|---|---|---|---|---|---|
| | | редовно | нередовно | не примил | |
| Без образование | 250 | 412<br>64.0% | 169<br>26.4% | 62<br>9.6% | 643 |
| Основно | 124 | 223<br>90.5% | 32<br>13.0% | 9<br>3.4% | 264 |
| Средно | 22 | 44<br>97.7% | 1<br>2.2% | | 45 |
| Вишо | 1 | 2 | 1 | | 3 |
| Високо | 3 | 4 | | | 4 |
| Вкупно | 400 | 685 | 203 | 71 | 959 |

*Табела 5. Нивото на образование и редовноста на вакцинирањето*

Поврзаноста на образованието и редовноста на вакцинацијата особено доаѓа до израз при споредувањето за податоците за посетувањето на училиште од страна на децата со податоците за редовноста на нивното вакцинирање (Табела 6). 43.5% од децата кои не посетуваат училиште нередовно се вакцинирани, односно дури 14% не се воопшто вакцинирани. За споредба 11.4% од децата кои посетуваат училиште нередовно се вакцинирани, а само 0.8% не се воопшто вакцинирани. Овој податок ни укажува дека проблемот со вакцинацијата се јавува кај децата кои не се вклучени во образовниот процес

| Дали посетуваат редовно училиште? | Дали досега Вашите деца ги примиле сите вакцини ? | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | редовно | нередовно | не примил | |
| Да | 323<br>87.8% | 42<br>11.4% | 3<br>0.8% | 368 |
| Не | 85<br>42.5% | 87<br>43.5% | 28<br>14.0% | 200 |
| Вкупно | 408<br>71.8% | 129<br>22.7% | 31<br>5.5% | 568 |

*Табела 6. Посетување на училиште и редовноста на вакцинирањето*

Вклученоста во системот на образование на Ромските деца позитивно влијае врз редовноста на нивното вакцинирање. Како показател за тоа ни говори процентот од 87.8 % редовно вакцинирани Ромски деца кои редовно посетуваат училиште.

Испраќањето покани од страна на соодветните здравствени установи до родителите за вакцинација на нивните деца, исто така има големо влијание на редовната вакцинираност. Поврзувањето на податоците за ова прашање со податоците за редовноста на вакцинацијата (Табела 7) покажуваат фактите дека тие семејства кои добиваат покани своите деца редовно ги вакцинираат во 85.5%, додека, пак, семејствата кои од било кои причини не добиваат покани тоа го прават во скоро напола помал процент (47%) .

| Дали добивате покани за вакцинација? | Дали досега ги примил сите вакцини ? | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | редовно | нередовно | не примил | |
| Да сите | 527<br>85.5% | 78<br>12.7% | 11<br>1.8% | 616 |
| Да некои | 73<br>45.0% | 56<br>34.6% | 33<br>20.4% | 162 |
| Никој | 85<br>47.0% | 69<br>38.1% | 27<br>14.9% | 181 |
| Вкупно | 685<br>71.4% | 203<br>21.2% | 71<br>7.4% | 959 |

*Табела 7. Поканувањето за вакцинација и редовноста на вакцинирањето*

Завршувајќи ја анализата на оваа батерија прашања може да се заклучи дека значителен број ромски деца нередовно се вакцинираат или остануваат воопшто невакцинирани. Врз таквата загрижувачка состојба влијаат повеќе фактори, но од нашите анализи како особено важни се издвојуваат вклученоста на децата во системот на образованието, образованието на родителите и нивната информираност за намената на вакцинацијата. Овие сознанија укажуваат на тоа кои треба да се областите на дејствување во насока на подигање на степенот на редовност на вакцинирањето на ромските деца, а со тоа и на нивната здравствена состојба.

## Исхрана

Здравствената состојба на луѓето во голема мерка зависи од начинот и квалитетот на исхраната. Застапеноста на одредени прехрамбени продукти во исхраната како, на пример, месото, рибата, млекото, зеленчукот и други, е особено важна. Во таа насока, податоците од ова истражување покажуваат дека ромските семејства во просек малку користат месо во исхраната. Еднаш неделно месо користат дури 44,5 % од испитаните семејства, а 21,3 % ниту еднаш во неделата не користат месо (Табела 8).

| Колку пати неделно | Месо | Риба | Млеко |
|---|---|---|---|
| Ниеднаш | 85<br>21.3% | 153<br>38.3% | 117<br>29.3% |
| Еднаш | 178<br>44.5% | 176<br>44.0% | 99<br>24.8% |
| 2-3 пати | 112<br>28.0% | 54<br>13.5% | 91<br>22.8% |
| Секој ден | 21<br>5.3% | 7<br>1.8% | 81<br>20.3% |
| Не знам | 4<br>1.0% | 10<br>2.5% | 12<br>3.0% |
| Вкупно | 400<br>100% | 400<br>100% | 400<br>100% |

*Табела 8. Неделна застапеност на месо, риба и млеко во исхраната*

Слична па дури и полоша е и состојбата со користењето на риба во исхраната. Во ова прашање неопходно е да се напоменене дека при поставувањето на прашањето не се правеше разлика помеѓу риба во конзерва и свежа риба. Застапеноста на млекото во исхраната е нешто подобра, во споредба со застапеноста на месо и риба. Сепак и млекото е ретко присутно на трпезите на мнозинството испитувани ромски семејства. Истражувањето ни покажува дека 29,3 % не купуваат купуваат млеко, 24,8 % купуваат еднаш неделно, додека пак секој ден млеко купуваат 20,3 %.

Неделната застапеност на свежото овошје и зеленчук во исхраната е, исто така, незадоволително. Истражувањето покажа дека ромските семејства малку користат свежо овошје во својата исхрана. 30,5 % ниту еднаш не купуваат, додека 42,5 % купуваат еднаш неделно свежо овошје ( Табела 9).

| Колку пати неделно | Овошје | | Зеленчук | |
|---|---|---|---|---|
| Ниеднаш | 122 | 30.5% | 61 | 15.3% |
| Еднаш | 170 | 42.5% | 144 | 36.0% |
| 2-3 пати | 80 | 20.0% | 150 | 37.5% |
| Секој ден | 21 | 3.5% | 40 | 10.0% |
| Не знам | 7 | 1.6% | 5 | 1.3% |
| Вкупно | 400 | 100% | 400 | 100% |

*Табела 9. Неделна застапеност на свежо овошје и зеленчук во исхраната*

Конзумирањето на зеленчукот 2-3 пати неделно е застапено во исхраната кај 37,5 % од испитаниците, додека пак 36% од испитаните изјавија дека го купуваат еднаш неделно, а 15,3 % изјавија дека воопшто не купуваат зеленчук.

Невработеноста и слабата економска состојба на мнозинството испитувани им оневозможува на Ромите почесто користење на услугите кои ги нудат ресторантите за брза храна. Наместо тоа тие потребите од прехрана ги задоволуваат со своите скромни парични средства и тоа, главно дома, подготвувајќи тестенини. За ова зборуваат и податоците во следната Табела 10.

| Колку пати неделно | Брза храна | Тестенини |
|---|---|---|
| Ниеднаш | 233 | 26 |
| | 58.3% | 6.5% |
| Еднаш | 73 | 80 |
| | 18.3% | 20.0% |
| 2-3 пати | 52 | 198 |
| | 13.0% | 49.5% |
| Секој ден | 16 | 81 |
| | 4.0% | 20.3% |
| Не знам | 26 | 15 |
| | 6.5% | 3.8% |
| Вкупно | 400 | 400 |
| | 100% | 100% |

*Табела 10. Конзумирање на брза храна и тестенини*

Истражувањето покажа дека мнозинството ромски семејства не употребуваат брза храна, и тоа 58,3 % изјавиле дека воопшто не конзумираа брза храна. Само 4 % секојдневно се хранат со брза храна. За разлика од тоа податоците од истражувањето говорат дека кај Ромското население тестенините се многу често застапени во исхраната. Пронајдено е дека 49,5 % од испитаните јадат 2 до 3 пати тестенини неделно.

## Условите на живеење и општата хигиено здравствена состојба

Нашите наоди укажуваат дека Ромите живеат во субстандардни услови и со мала квадратура во своите живеалишта, кои не обезбедуваат ниту приватност, која не кореспондира со бројот на членовите кои живеат во тоа живеалиште. Многу често во една куќа престојуваат повеќе семејства. Најмногу односно 69 % живеат во живеалишта од 10 до 50 квадрати во просек од 4 до 6 члена. Ваквата состојба има големо влијание врз здравјето кај оваа популација.

Бањата и здравјето. Истражувањето покажува дека 66 куќи или 16.5 % од 400 испитани куќи не се поврзани со јавната канализациона мрежа. Овој податок е сразмерно мал бидејки испитаниците се од градското подрачје и од поголемите градови, но сепак преставува голем ризик за појава на некои инфективни заболувања. Исто така, мал е бројот на домаќинства опремени

со купатило што претставува препрека за одржување на хигиенски мерки. Сето тоа негативно се одразува врз општата здравствена состојба која е често нарушена од некоја инфекција на гастроинтестиналниот тракт која е пропратена со симптомот дијареа, кој при пореметување на овој систем се означува како дијареален синдром. За тоа сведочат податоците во Табела 11, а особено фактот дека од 161 испитани семејства кои немаат купатило, 27 лица односно 16.8 % одговориле дека во домаќинството имаат болен кој има дијареа.

| Дали имате бања ? | Болни лица по семејства со дијареа | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Нема | 1 | 2 | 3 | 7 | 10 | |
| Да | 221 | 11 | 7 | | | | 239 |
| | 92.5% | 4,5% | 3,0% | | | | 100% |
| Не | 134 | 17 | 5 | 2 | 2 | 1 | 161 |
| | 83.2% | 10,6% | 3,1% | 1.25% | 1.25% | 0.6% | 100% |
| Вкупно | 355 | 28 | 12 | 2 | 2 | 1 | 400 |

*Табела 11. Опременоста со бања и присуство на болен кој има симптом дијареа*

На сличен начин, неопременоста со бања се одразува и на присуството и зачестеноста на други заразни болести. Таков е примерот со жолтицата, односно Хепатитот. Оваа болест е општо познато дека почесто се јавува кога не се одржува редовно личната хигиена. Таа е наречена уште и "болест на нечисти раце" бидејки најчесто се заразува односно внесува преку исхраната со нечисти раце. Нашето истражување покажа дека во домовите кои немаат купатила или бањи, појавата на оваа болест е за 7.2 % почеста во однос на домовите кои имаат купатила или бањи (Табела 12).

| Дали имате бања ? | Болни од жолтица по семејство? | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Нема | 1 | 2 | 3 | |
| Да | 225 | 12 | 1 | 1 | 239 |
| | 94.2% | 5.0% | 0.4% | 0.4% | 100% |
| Не | 140 | 20 | | 1 | 161 |
| | 87.0% | 12.4% | | 0.6% | 100% |
| Вкупно | 365 | 32 | 1 | 2 | 400 |

*Табела бр. 12. Опременоста со бања и болеста Хепатит – Жолтица*

Најчесто ромските населби наречени “Ромски Маала“, се на маргините на градовите во некое ридче или пак покрај река. Инфраструктурата често не е доизградена или пак нема мрежа за отпадните води. Па така овие води слободно течат помеѓу куќите. Така тие се места каде се развиваат разни бактерии и инсекти кои пак се преносители на разни заразни болести. Децата многу често се бањаат во тие води или пак си играат покрај водата. Така можноста да се заразат од некоја заразна болест е огромна. Кај овие деца честа е појавата на дијареа.

Освен ова, дел од испитуваните семејства не се поврзани со соодветна канализациона мрежа, поради тоа и кај ваквите семејства е зголемен бројот на болните од инфективни заболувања кои имаат дијареа. Од 400 испитани семејства, 55 семејства немаат приклучок на канализациона мрежа. Кај овие семејства е почеста појава на дијареа за 6,5 % (табела 13).

| Дали имате канализација? | Лица со дијареа по семејства | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Нема | 1 | 2 | 3 | 7 | 10 | |
| Да | 300 | 21 | 11 | 2 | | | 334 |
| | 39.8% | 6.3% | 3.3% | 0.6% | | | 100% |
| Не | 55 | 7 | 1 | | 2 | 1 | 66 |
| | 83.3% | 10.7% | 1.5% | | 3.0% | 1.5% | 100% |
| Вкупно | 355 | 28 | 12 | 2 | 2 | 1 | 400 |

*Табела 13. Поврзаност со канализација и инфективна болест со присуство на симптомот Дијареа*

**Влагата и здравјето.** Друг и многу чест хигиено здравствен услов кој предизвикува низа здравствени проблеми кај ромското население е влагата. Влагата во ромските домови е застапена со висок процент. Од испитаните 400 семејства, 251 односно 62.8 % имаат влага . (По критериумот на непријатна миризба и влажни зидови)

За време на истражувањето на теренот забележано е дека ромските куки во поголем број се од стара градба. Тие се трошни куки, многу често изградени од несоодветен материјал како и нестручно изградени. Многу често и самата локација е до некоја река, поток или пак до отпадни води кои слободно течат меѓу куќите. Тоа предизвикува во домовите да се шири непријатна миризба а зидовите на куките да се влажни односно да постои влага.

Влагата во домовите преставува еден од факторите за појава на одредени болести на респираторни систем. Постои видлива поврзаност помеѓу појавата на бронхитис и присуството на влага во куќите.Во домовите кои има влага, за 5,1 % е зголемен бројот на болни од бронхитис (табела 14).

| Дали имате влага? | Број на лица болни од бронхитис во семејство | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Нема | 1 | 2 | 3 | 4 | |
| Да | 164 | 68 | 15 | 1 | 3 | 251 |
| | 65.4 | 27.0 | 6.0 | 0.4 | 1.2 | 100% |
| Не | 105 | 41 | 3 | | | 149 |
| | 70.5 | 27.5 | 2.0 | | | 100% |
| Вкупно | 269 | 109 | 18 | 1 | 3 | 400 |

*Табела 14. Влажноста на куќите и заболувањата од бронхитис*

**Лекување**. Опишаната хигиено здравствена состојба, но и самата материјална положба на испитуваните ромски семејства свој одраз наоѓаат во начините на лекување од погоре назначените и други болести. Податоците покажуваат дека мнозинството испитани семејства 237 семејства односно 59,3 % од вкупно 400-испитани) изјавиле дека имаат потреба редовно да примаат лекови, додека 35,3 % немаат потреба од секојдневно земање на лекови (Табела 15).

| Дали некој од семејството има потреба секојдневно да зема лекови | одговор | % |
|---|---|---|
| Да, сите | 22 | 5.5 |
| Да, некои | 237 | 59.3 |
| Не, никој | 141 | 35.3 |
| Вкупно | 400 | 100 |

*Табела 15. Потреба од дневно примање лекарства*

Спротивно на ваквата потреба од редовно и дневно примање на соодветни лекарства, мнозинството испитаници не се во можност да ги купат и, според тоа, да ги примат сите потребни лекарства (Табела 16). Една четвртина од испитаниците воопшто не може да ги купи и не ги прима потребните лекови, а скоро две третини купуваат само некои од препишаните лекарства.

| Колку имаат можност да ги купуваат препишаните лекови | одговор | % |
|---|---|---|
| Да, сите | 39 | 9.8 |
| Да,  некои | 259 | 64.8 |
| Ниту еден | 102 | 25.5 |
| Вкупно | 400 | 100 |

*Табела 16. Набавка на потребните лекарства*

# Дискусија и заклучоци

Во последните десеттина години државата немаше позначајна можност за превземање на соодветни мерки во областа на здравството кога се во прашање Ромите. Но, во почетокот на 2005 со прогласување на Декадата на Ромите и усвојување на Стратегијата за Ромите од страна на Владата на Република Македонија се отвара добра можност за превземање на пософдветни мерки за подобрување на квалитетот на здравствена заштита на Ромите како особено ранлива група.

Добиените податоци и сознанија од ова емпириско истражување даваат можност за издвојување на некои поважни заклучоци кои ке бидат од големо значение за превземање на понатамошни соодветни мерки..

**Во таа насока нашето истражување покажа дека:**

- Ромите најчесто живеат во гета односно таканаречени ромски маала.
- најчесто живеат во стари трошни и субстандардни живеалишта, со послаба градба  во кои ги немаат основните услови за живеење. Живеењето во мали, несоодветни и нехигиенски живеалишта кои како такви претставуваат ризичен фактор е причина за појава на одредени болести.
- вакцинирањето на децата е нередовно, а во одреден процент и воопшто не се извршува. Проблемот со невакцинираните деца преставува сериозен проблем кој треба да се разгледа  аналитички и сериозно, за да се осознаат причините за невакцинирањето на децата.
- се покажува дека има поврзаност во нивото на образованието на мајките со редовноста на вакцинацијата кај нивните деца како и незнаењето на мајките зашто служи вакцинацијата. Децата кои не посетуваат редовно училиште во поголем број се нередовно вакцинирани односно невакцинирани. Добиените податоци во однос на ова прашање се совпаѓаат со резултатите од други претходни истражувања.

- во исхраната, забележително е дека ромската популација повеке користи тестенини во својата исхрана, а  малку користи месо, млеко, риба и свежо овошје и најчесто одговорите се дека тие продукти се купуваат еднаш неделно. Неправилниот начин на исхрана кој се јавува како резултат на лошата социо-економска состојба на Ромите, е основната причина за намален имунитет и предиспозиција за нарушување на здравственета состојба на Ромското население.

## Препораки

Податоците од ова истражување покажаа извесни проблеми со здравствената состојба на Ромите од Република Македонија. Заклучок е дека за овие теми или проблеми треба да им се посвети посебно внимание, поточно кажано со голема сериозност и  подецидно да им се пристапи, за да може точно да се дефинираат и елаборираат проблемите околу здравјето. Но и овие податоци кои произлегуваат од нашето истражување даваат алармантен знак за превземање извесни конкретни чекори за подобрувањето на здравствената состојба кај Ромската популација.

За вакцинацијата е пожелно да се организираат патронажни екипи, кои би воделе сметка за децата кои се повторно вратени од западните земји да се вакцинираат  и повторно евидентираат, како и за оние кои не се евидентирани во нивната евиденција. Исто така службите кои се задолжени да испраќаат покани за вакцинација тоа да го прават поодговорно бидејки голем број на семејства поради било кои причини, изјавија дека не добиваат покани за вакцинација на нивните деца. Многу често  здравствените работници  им кажуваат на мајките усно за следната вакцинација на нивното дете. Така се случува мајките да заборават за терминот  на вакцината.

Факт е дека голем број на ромски мајки се со пониско ниво на образование не ја знаат намената на вакцините и треба да се најде начин   за да  им се објасни намената на вакцините како и времето кога се примаат истите.

Од податоците добиени со истражувањето се гледа дека кај ромската популација се зачестени инфективните заболувања. Сите тие се последица на лошите социо-економски услови. Активностите во насока на нивно елеминирање имаат, секако, развојни претпоставки, но потребна е и акција за подобрување на социјално и здравствено заштините мерки, во однос на ромската популаица како вулнерабилна група.

Сето ова иницира потреба  да Министерството за здравство во иднина обрне внимание за подобрување на квалитетот на здравствената заштита, пред се на јавното здравство, и да создаде услови за еднаков пристап до

здравствената заштита особено за ранливите популации, со што и директно би се овозможило подобрување на здравствената состојба кај Ромскиот народ во Република Македонија

## Користена литература


• Алуи, Л., Петровска, В. и Најчевска, М. (1999). Анализа на состојбата на жените и децата Роми, УНИЦЕФ, Скопје.

• Извештај за десет најчести заразни болести во Република Македонија и Имунизација на деца во Република Македонија за 2004 год, Ј.З.О. Републички завод за здравствена заштита ц.о.

# Членовите на
# Ромските Експертски групи
# за Интеграција на Ромите

# Експертска Група за Образование

• *Фатма Бајрам*, Скопје. Напреден студент по образование на Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје. Г-ца Бајрам работела за ромска политичка партија пред да почне со студиите на Универзитетот. За време на нејзините студии таа била активна во НВО секторот, особено во поглед на прашањата кои ја погодуваат ромската жена и младина. Моментално, таа е координатор на Ромскиот детски центар во Скопје.

• *Љатиф Демир*, Скопје. Г-н Демир е автор на повеќе изданија, извештаи од истражувања и есеи за разните аспекти на ромскиот јазик и култура. За своите литературни достигнувања г-н Демир има добиени повеќе награди. Исто така, тој држел предавања за ромскиот јазик и култура во повеќе европски земји. г-н Демир сега работи како извршен директор на Ромскиот образовен центар Дархија во Скопје.

• *Жаклина Дурмиш,* Скопје. Образована како правник, продолжува со магистерски студии по социјална работа и социјална политика на Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје, каде успешно положила повеќе предмети за граѓанското општество. Таа, исто така, работи како правен советник на ромските семејства во канцеларијата на Каритас во Скопје, како соработник во адвокатска канцеларија и како директор на проект кој обезбедува образовна поддршка на ромските деца и младинци.

• *Ахмет Јашаревски,* Куманово. Еден од двајцата водечки активисти во кумановската ромска НВО Дром. Г-н Јашаревски изготвил и имплементирал проекти во областите на претсшколското, основното образование и образованието на возрасните за ромското население. Тој, исто така во Работната група за земјата на Светска Банка. Исто така, г-н Јашаревски зема учество во манифестациите организирани од американскиот НВО проект за етнички односи (ПЕР) за развивање на владината стратегија за Ромите во Македонија и беше назначен за член на Националната работна група за стратегијата.

• *Ѓулсефа Куртеши, Скопје*. Наставник во основно училиште со универзитетско образование. г-ца Куртеши работеше во Основното Училиште „Браќа Рамиз и Хамид“ во општината со ромско мнозинско население Шуто Оризари. Таа, исто така, беше член на работната група за граѓански права формирана во рамки на проектот на ЕЦМП „осигурување на имплементацијата на охридскиот договор низ конкретни активности на политиките“.

• *Сабина Мустафа*, Скопје. г-ца Мустафа е студент по новинарство на Правниот факултет на Универзитетот во Скопје. По завршувањето на стажирањето во Собранието на Република Македонија, таа сега работи во ромскиот студентски магазин Roma Index.

• *Љатифе Шиковска*, Скопје. Родена и порасната во западниот македонски град Гостивар, г-ца Шиковска сега постојано живее во Скопје каде е вработена во Младинскиот центар Надеж во Шуто Оризари. Како поранешен професионален играч на фудбал, таа исто така работи како тренер на Отворената фудбалската школа.

• *Роберт Рустем*, Скопје. По завршувањето на универзитетските студии по металургија, г-н Рустем сега работи како советник за ромски прашања во Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Со широкото искуство добиено од неговата претходна работа во НВО секторот, г-н Рустем има посебен интерес за областите на разрешувањето на конфликти, образованието и интеркултурните студии.

## Експертска Група за Здравство

• *Мисадет Амет*, Скопје. По завршувањето на средното образование во медицинското училиште во Тетово, г-ца Амет се запиша на Медицинскиот факултет на Универзитетот во Скопје каде и сега е студент. Г-ца Амет, исто така, работела како медицински едукатор во разни проекти на ромската НВО Рош.

• *Афродита Берат*, Скопје. Студент на трета година по медицина на Универзитетот во Скопје. Г-ца Берат била вклучена во повеќе проекти на НВО секторот, вклучувајќи го и проектот на Форумот за интеграција на ромите за женската девственост. Исто така, таа работи како волонтер во скопската канцеларија на Меѓународната организација за миграции, давајќи совети за лица над 60 години во медицинските центри.

• *Џемиле Берат*, Скопје. По дипломирањето на Медицинскиот факултет на Универзитетот во Скопје, каде специјализирала неуропсихијатрија, г-ца Берат земала учество на многу стручни семинари во Македонија и во странство. Во моментов работи како надворешен советник во Институтот за социјална медицина во Скопје. Г-ца Берат, исто така, работела како консултант на повеќе проекти во невладиниот сектор.

• *Атилан Етеми*, Тетово. Г-н Етеми е дипломиран фармацевт на Унивезитетот Анадолија во Турција, каде завршил во 2001 година. Тој е вработен во јавниот здравствен сектор.

• *Шермина Јашарева*, Штип. Г-ца Јашарева е студент по биохемија на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Исто така, таа од 1997 година работела во штипската ромска НВО Здружение за права на ромското население. Таа, исто така, била вклучена во повеќе активности за обука на полето на граѓанските права.

• *Мемет Мемет*, Скопје. Активно вклучен во невладиниот сектор од 1999 година. Г-н Мемет е сооснович на ромската НВО Рош во Шуто Оризари. Тој, исто така, работел како локален координатор за родови и трауматски прашања во холандската НВО Адмира. За поддршка на својата работа во НВО секторот, г-н Мемет учествувал на поголем број семинари во областите на здравство, психологија и обука на тренери.

• *Сенад Мемети*, Скопје. Порано работел акко медицински техничар во Шуто Оризари, а сега е вработен во Министерството за здравство. Тој, исто така е студент на Правниот факултет на Универзитетот во Скопје и редовно соработува со повеќе ромски НВО.

• *Ариф Пини*, Гостивар. Напреден студент на медицина во Скопје. Г-н Пини бил активен во невладиниот сектор во Гостивар и во Скопје, тој, исто така е претприемач кој води кафе бар во својот роден град.

• *Ислам Шаќири*, Тетово. Г-н Шаќири е вработен како медицински асистент во општата болница во Тетово. Исто така, тој бил активен во невладиниот сектор.

## Експертска Група за Човекови права

• *Реџепали Чупи*, Гостивар. Г-н Чупи е студент на Правниот факултет во Скопје. Од 2002 година тој е член на програмата за високо образование на Ромите на Фондацијата институт отворено општество Македонија (ФИООМ), Romaversitas. Исто така, г-н Чупи бил вклучен во повеќе проекти за подобрување на состојбата на ромското население во Македонија.

• *Ерџан Демир*, Скопје. Студент на втора година на Правниот факултет на Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје. Г-н Демир, исто така, е вработен во Министерството за одбрана.

• *Анифа Демировска*, Делчево. Единствената ромска жена адвокат во Македонија. Г-ѓа Демировска се занимава со прашања поврзани со родот, вклучувајќи го домашното насилство и трговијата со луѓе. Активно вклучена во ромското невладино движење од 1995 година, таа во моментов е претседател на ромската НВО Phurt од Делчево.

• *Ферки Демировски*, Делчево. Роден во источна Македонија, но активен и во централна и во западна Македонија. Во централна Македонија, г-н Демировски, во Скопје и во Велес, работи како координатор на граѓанскиот советодавен центар основан од ромската НВО Месечина. Исто така, тој е вработен како асистент во Romaversitas во Скопје. Од друга страна пак во западна Македонија, г-н Демирвоски студира јавна администрација на Универзитетот на југоисточна Европа во Тетово.

• *Феат Камберовски*, Куманово. Г-н Камберовски е основач и претседател на кумановската НВО Арка. Од својата работа во невладиниот сектор, г-н Камберовски на експертската група и носи значително искуство во надгледувањето на постапките на политиките и на судските предмети, како и во давањето правна помош и во образованието за човечите права. Со својата работа, г-н Камберовски изградил одлична соработка со Министерството за внатрешни работи.

• *Идавер Мемедов*, Велес. Г-н Мемедов е на последната година од студиите на Правниот факултет на Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје. Тој, исто така, работи во канцеларијата на Македонскиот хелсиншки комитет за човекови права во Скопје.

• *Елвис Мемети*, Тетово. Студент на политички науки на Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје. Г-н Мемети, исто така е вработен во Министерството за локална самоуправа каде работи во специјализираната работна група за интеграција на Ромите.

• *Сенад Мустафов*, Делчево. По потекло од источна Македонија, г-н Мустафов работел во ромската НВО Phurt. Неодмана е избран за директор на програмата за високо образование на Ромите на Фондацијата институт отворено општество Македонија (ФИООМ), Romaversitas. Г-н Мустафов има правничко образование.

• *Алма Мустафовска*, Крива Паланка. По завршувањето на основното и средното образование во Крива Паланка (североисточна Македонија), г-ца Мустафовска се запишала и дипломирала на Правниот факултет на Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје. Нејзиониот интерес за граѓанските права воопшто и еднаквиот третман на Ромите, особено се манифестираат и во изборот на нејзината професија и во нејзината работа во невладиниот сектор.

• *Амза Пини*, Гостивар. Роден во западна Македонија. Г-н Пини завршил средно теолошко училиште во Скопје пред да премина на двојната програма на студии по теологија и политички науки на Универзитетот во Сараево, Босна и Херцеговина. Г-н Пини, исто така, бил вклучен во повеќе активности на невладиниот сектор.

• *Мухамед Точи*, Гостивар. Член на претседателството на западно-македонската НВО Месечина од нејзиното основање во Гостивар во 1993 година. Г-н Точи се специјализирал за надгледување на човечките права и давање правна помош. Неодамна, тој своето екстензивно искуство во оваа област го искористи за подготовка на граѓанските советодавни центри кои работат низ целата земја. Исто така, г-н Точи учествувал во активности организирани од PER за развој на владината стратегија за Ромите во Македонија.

## Експертска Група за Вработување

• *Ѓултен Далиповска*, Скопје. Г-ѓа Далиповска е апсолвент на правниот факултет при универзитетот во Скопје со особен интерес во човечките права на жената. Освен нејзиното работно искуство порвзано со еднаквата застапеност на ромите во јавните институции во Македонија, Г-ѓа Далиповска е способен обучувач во посредување и лобирање.

• *Енвер Јонуз*, Скопје. Обучен и вработен како социјален работник, Г-н Јонуз работи во Скопје во општината Чаир. Од 1997 година, исто така бил член на аматерската театарска група Рома.

• *Мабера Камбери*, Тетово. Професионалното обучување и искуство на Г-ѓа Камбери како социолог од областа на трудот веќе претставува доволна основа за нејзиниот избор да учествува во Експертската група Вработување. Нејзини понатамошни квалификации се нејзиниот интерес за родови прашања, нејзиното членство во Работната група за земјата на Светска Банка, како и нејзиното вработување во Министерството за труд и социјална политика. Г-ѓа Камбери исто така работи во одборот на Фондацијата „Отворено Општество Македонија“.

• *Дилбера Камберовска*, Куманово. Претеседате и основач на женската ромска невладина организација Даја од Куманово, ос 1993 година Г-ѓа Камберовска е еден од водечките ромски активисти. Особено успешни се иницијативите за стручна обука на Даја, кои се дизајнирани од страна на Г-ѓа Камберовска.

• *Ремзи Медик*, Битола. И покрај неговата младост Г-н Медик е сооснивач на младинска невладина организација а ги докажал своите вештини како организатор на заедницата во Битола. Особено во областа на вработувањето, тој одиграл клучна улога како врска помеѓу локалната канцеларија за вработување и ромската заедница. Г-н Медик исто така учествувал во настани организирани од страна на ПЕР во насока на развој на владина стратегија за ромите во Македонија.

• *Васка Б. Мустафа*, Скопје. Вработена како новинар во ромскиот дел од македонското државно радио, Г-ѓа Мустафа ја фокусира својата работа на проблемите со кои се соочува ромското население во Македонија. Таа исто така изготвила во соработка со УНХЦР радио програма за бегалци како и материјал за Европскиот центар за права на ромите во Будимпешта.

• *Надир Реџепи*, Тетово. Без оглед на неговата обука како музичар, вклученоста на Г-н Реџепи во експертската група за Вработување ги одразува неговите осум години искуство во невладиниот сектор. Во минатото, тој го водел изготвувањето на извештај во сенка за имплементацијата на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства во рамките на ЕЦМП мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија, финансирана од СИДА.

• *Самет Скендери*, Гостивар. Основач на ромската невладина организација Месечина, Г-н Скендери во моментов работи како асистент координатор на проект поврзан со образованието, човековите права и јавни политики. Освен тоа, тој работи како советник на програма за подобрување на меѓуетничките односи, и како член на одборот формиран за пишување на извештаи во сенка за имплементацијата на стандардите поврзани со правата на националните малцинства во Македонија.

Европскиот Центар за Малцински Прашања ги унапредува меѓуетничките односи во Европа преку спроведување на активности, истражување и документирање. Дава поддршка на стабилизационите процеси во регионите каде постојат етнополитички тензии и конфликти, придонесува кон зацврстување на релевантната легислативата и доброто практикување во владеењето. Го стимулира и зголемувањето на капацитетите на актерите од цивилниот и јавниот сектор за меѓусебно поврзување на конструктивен и одржлив начин.

European Centre
for
Minority Issues

Sida

Оваа публикација е поддржана од Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (Sida).